# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**30.12.2021 год.**<br>**БРОЈ 17 ГОДИНА 56** |


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина охрид за 2022 година | **6** |
| **2.** | Програма за поддршка на локалниот економски развој на општина охрид за 2022 година | **15** |
| **3.** | Развојна Програма за изработка на урбанистички планови на територијата наопштина охрид 2022-2024 | **24** |
| **4.** | Програма за финансиските потреби на ТППЕ охрид за 2022 година | **33** |
| **5.** | Програма за заштита на животната средина и природа за 2022 година | **36** |
| **6.** | Програма за спорт и рекреација за 2022 година | **46** |
| **7.** | Програма за млади и невладини организации за 2022 година | **52** |
| **8.** | Годишна Програма за активностите на општина охрид во областа на основното образование за 2022 година. | **57** |
| **9.** | Развојна Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2022-2024 година. | **63** |
| **10.** | Годишна Програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2022 година | **72** |
| **11.** | Развојна Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на средното образование 2022-2024 година | **77** |
| **12.** | Годишна Програма на општина Охрид за детска заштита за 2022 година | **81** |
| **13.** | Развојна Програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на детската заштита 2022-2024 година | **84** |
| **14.** | Годишна Програма на општина Охрид за здрвствена и социјална заштита за 2022 година | **88** |
| **15.** | Програма за активностите на општина Охрид во областа на културата за 2022 година. | **92** |

| | | |
|---|---|---|
| **16.** | Програма за одбележување празници и манифестации во 2022 година | **104** |
| **17.** | Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2022 година | **113** |
| **18.** | Програма за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2022 година | **122** |
| **19.** | Програма за енергетска ефикасност за 2022 година | **126** |
| **20.** | Програма за одржување јавна чистота за 2022 година | **131** |
| **21.** | Програма за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2022 година | **141** |
| **22.** | Програма за јавно осветлување за 2022 година | **152** |
| **23.** | Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за 2022 година | **153** |
| **24.** | Развојна програма за други комунални услуги за 2022-2024 година | **157** |
| **25.** | Пазвојна програма за изградба на системи за водоснабдување за периодот од 2022 - 2024 година | **159** |
| **26.** | Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за 2022 година | **163** |
| **27.** | Развојна програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за 2022 - 2024 година | **165** |
| **28.** | Програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2022 година | **170** |
| **29.** | Развојна програма за уредување градежно земјиште за 2022 -2024 година | **172** |
| **30.** | Одлука за усвојување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година | **180** |
| **31.** | Одлука за извршување на Буџетот на општина Охрид за 2022 година | **213** |
| **32.** | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2022 година | **217** |
| **33.** | Одлука за усвојување на годишниот план за работа на Одделението за инспекциски надзор на општина Охрид за 2022 година | **218** |
| **34.** | Годишна Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2022 година. | **238** |
| **35.** | Одлука за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2022 година во општина Охрид | **248** |
| **36.** | Одлука за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации и донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти, како и за начинот на водење на постапките за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти | **251** |
| **37.** | Одлука за усвојување Локална стратегија за млади на општина Охрид | **254** |

| | | |
|---|---|---|
| **38.** | Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Стартап Центар (Smart Ideas Hub). | **255** |
| **39.** | Одлука за формирање Штаб за заштита и спасување | **256** |
| **40.** | Одлука за усвојување на програмата за работата на ЈП „Водовод“ - Охрид за 2022 година | **258** |
| **41.** | Одлука за усвојување на план и програма за работа на ЈП „Билјанини извори “ - Охрид за 2022 година | **259** |
| **42.** | Одлука за усвојување на планот и програмата за работа на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за 2022 година | **260** |
| **43.** | Одлука за усвојување на програмата за работа на ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид за 2022 година | **261** |
| **44.** | Одлука за усвојување на програмата за тековно работење на ЈП„Нискоградба“ - Охрид за 2022 година | **262** |
| **45.** | Одлука за усвојување на планот и програмата за работа и развој на ЈП Градски Пазар - Охрид за 2022 година | **263** |
| **46.** | Одлука за давање согласност на одлуката за дополнување на одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид | **263** |
| **47** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Христо Узунов“ - Охрид | **264** |
| **48** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Григор Прличев“ - Охрид | **265** |
| **49** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид | **266** |
| **50** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Кочо Рацин“ - Охрид | **267** |
| **51** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец | **268** |
| **52** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти | **269** |
| **53** | Одлука за разрешување и именување член во Училишниот одбор на ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | **270** |
| **54** | Одлука за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОСУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид | **271** |
| **55** | Одлука за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ - Охрид | **272** |
| **56** | Одлука за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ - Охрид | **274** |
| **57** | Одлука за донесување план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границите на две соседни градежни парцели ГП 8.12 формирана на Кп.4309/3, Кп.4309/6 и дел од Кп.4309/11 и ГП 8.11 формирана на Кп.4309/2 и дел од Кп.4309/11 во ДУП за дел од УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1 Влашка мала | **275** |

| | | |
|---|---|---|
| | и Градинар во КО Охрид 4, општина Охрид | |
| **58** | Одлука за донесување план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација на две соседни градежни парцели ГП 1 формирана на Кп.10635 и дел од Кп.10634/1 и ГП 2 формирана на Кп.10634/1 и Кп.10634/2 и дел од Кп.10312/1 во ДУП за 10-та УЕ во КО Охрид 2, општина Охрид | **276** |
| **59** | Одлука за донесување план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 6.4 формирана на Кп.8924/1 и делови од Кп.8924/2, Кп.8923 и ГП 6.3 формирана на Кп.8923 во ДУП за УЗ 9, УБ 9.2 во КО Охрид 2, општина Охрид | **278** |
| **60.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за формирање две нови градежни парцели на ГП 3.66 формирана во ДУП за УЗ 6 УБЛ 6.2 – опфат 1, КО Охрид 2, општина Охрид | **279** |
| **61.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за поместување на границата на градежната парцела ГП 1.19, поради неусогласеност на градежната со катастарската парцела, за дел од Кп.11625/1 КО Охрид 2 во ДУП за 6-та УЗ, УБ 6.2 – опфат 1, со намена А1 – семејно домување во станбени куќи (А1.2 – домување во станбени куќи), општина Охрид | **280** |
| **62.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 710 КО Лескоец | **281** |
| **63.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 910 КО Куратица | **282** |
| **64.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 953/2 КО Оровник | **283** |
| **65.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 500 КО Вапила | **284** |
| **66.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2341/1 КО Долно Лакочереј | **285** |
| **67.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 245/2 КО Долно Лакочереј | **286** |
| **68.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 915/2 и 914/2 КО Оровник | **287** |
| **69.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 510 КО Речица | **288** |
| **70.** | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација со цел | **289** |

| | | |
|---|---|---|
| | вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1212 и 1213 КО Велгошти | |
| **71.** | Правилник за критериумите, условите и постапката за „Најдобрите од спортот во општина Охрид | **290** |
| **72.** | Правилник за критериумите, условите и постапката за субвенционирање и доделување финансиски средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани, проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот | **294** |
| **73.** | Јавна објава | **300** |
| **74.** | Јавна објава | **300** |
| **75.** | Јавна објава | **301** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/74** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

## Вовед

Основни претпоставки за планирање:

При дефинирањето на годишната програма за работа на Секторот за туризам и локален економски развој, појдовната точка се основните цели на стратешките развојни документи за одржлив туристички развој на Охрид како врвна туристичка дестинација со висококвалитетни туристички производи и услуги. При тоа, програмските активности се во согласност со препораките на УНЕСКО за заштита на охридскиот регион како светско природно и културно наследство.
Согласно наведеното, работата на секторот во делот на туризмот е фокусирана на пет главни насоки на дејствување:

**1.** Развој и промоција на дестинацијата преку координација на клучните активности за развој на туризмот (планирање, дестинација, развој на туристички производ и услуга, финансирање, одлучување и имплементација), во согласност со насоките дефинирани од Националната Стратегија за развој на туризмот, Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид,

Стратегијата за рурален развој на општина Охрид, препораките на УНЕСКО и управување со заштитени подрачја и сл. документи.

**2.** Обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални / регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

**3.** Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО.

**4.** Управување со туристички дејности за стимулирање на развојот на туризмот.

**5.** Подготовка на проекти и проектно управување.

Активностите предвидени во оваа програма ќе бидат имплементирани под мотото “OHRID GO”, како иницијален почеток на брендирање и развој на Охрид под унифициран слоган.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2022 во износ од **20.690.000,00 ден**. ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | |
|---|---|
| Средствата предвидени како приход од таксата за привремен престој | **6.140.000,00 ден.** |
| Приходи од донации | **14.550.000,00 ден.** |
| **Вкупно приходи за 2022** | **20.690.000,00 ден.** |

## I. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД

Подобрувањето на туристичката понуда и производи е еден од клучните елементи во развојот на дестинацијата. Особено внимание треба да се обрнува на развој и подобрување на туристичката понуда со нови туристички содржини, и подобрување и адаптација на постоечките кон новите светски трендови. Збогатувањето на туристичката понуда и производи е од суштинско значење за одржување на константноста во атрактивноста и привлечноста на Охрид како туристичка дестинација.

### 1.1. Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic”

Целта на изградбата на адреналинскиот парк е подобрување и проширување на туристичката и спортска понуда, со цел привлекување странски и домашни посетители и групи, нудејќи им единствено катче за спорт, рекреација и дружење. Паркот ќе биде нова туристичко – рекреативна содржина, привлечен за многу потенцијални сегменти на посетители како млади парови, семејства со мали или големи деца, семејни собири, тим билдинзи, роденденски забави, странски посетители и посетители кои бараат уникатни спортски активности.

Паркот ќе зафаќа површина од околу 400 м2 и ќе биде направен според ЕУ стандардот EN15567 кој користи еден од најбезбедните системи за ваков тип на активности. Исто така, изградбата на паркот значи минимално влијание врз животната средина, а елементите што се

користат главно се направени од дрво како одржлив ресурс, кое исто така е издржлив и квалитетен.

Адреналинскиот парк ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.

| **Предвиден буџет** | **9.660.000,00 ден** |
|---|---|

### 1.2. Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic”

Полигонот Pump Track претставува кружна патека со кривини и заоблени контури, кој се користи во рекреативни цели за сите возрасни категории. Неговата форма овозможува забавна, но безбедна спортска активност. На него може да возат велосипедисти и други корисници од сите возрасти и нивоа на вештини. Како прогресивна структура, тој е совршен како за учење основни трикови, така и за обука на елитните спортисти. Подобен е за користење од страна на за сите видови на велосипеди, скејтборди, ролери, тротинети и слично. Иако полигонот овозможува изведување на разни трикови и акробации, истиот е безбеден и за најмладите корисници. Ќе биде изграден според европските стандарди за игралишта, следејќи ги европските безбедносни норми EN 1176, EN 1177, EN 15312 и EN 14974.

Со неговата изградба се предвидува збогатување на туристичката понуда, како и добивање на ново рекреативна содржина за сите категории на посетители.

Полигонот Pump Track ќе биде изграден во склоп на поранешната касарна.

Средствата се обезбедени од проектот “OHRID GO”.

| **Предвиден буџет** | **3.390.000,00 ден** |
|---|---|

### 1.4. Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected”

Поставувањето на бесплатен hot spot интернет на јавни локации е одлична можност за посетителите и гостите во градот преку користење на бесплатен интернет да добијат информации за туристичката понуда и услугите во градот. Планирано е обезбедување на бесплатен hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид.

| **Предвиден буџет** | **200.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за I:** | **13.250.000.00 ден** |
|---|---|

## II. ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

Промоција и маркетинг на дестинацијата и обезбедување на поцелосно застапување на конкретни локални/регионални интереси преку зајакнување на локални/регионални иницијативи и поврзување на засегнатите страни на локално / регионално и меѓународно ниво со цел да се создадат меѓународно конкурентни туристички производи.

### 2.1. Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид

Промоција на туристичкиот потенцијал ќе се реализира преку стандардните начини на промоција, но ќе бидат применети и нови, современи пристапи во промовирањето на туристичката понуда и потенцијалите на Охрид.
Воедно, оваа активност предвидува директни или индиректни претставувања на Охрид на туристичките берзи и саеми, како и партиципација на промотивни настани во странство.
Целта на оваа активност е да се претстави Охрид на емитивните туристички пазари.

**Предвиден буџет** **600.000,00 ден**

**2.2. Изготвување на промотивен материјал за Охрид**

Оваа активност вклучува изготвување на печатен или електронски промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. Во рамки на истата предвидено е репринт на постоечкиот промотивен материјал, но и изготвување на нов промотивен материјал согласно потребите на туристичкиот пазар, односно дизајнирање на нов промотивен материјал, изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа кои ќе бидат откупени на јавен оглас, набавка на теcкт за одделни сегменти од туристичката понуда, превод на промотивниот материјал и сл.

**Предвиден буџет** **1.700.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за II:** **2.300.000,00 ден**

**СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ**

Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во заедницата и развивање на свеста за економската важност, социјалните и другите ефекти од туризмот, подигање на човечките капацитети и ресурси во алтернативниот туризам, како и потребата и важноста од зачувување и подобрување на сите елементи на туристичката ресурсна база на охридската туристичка дестинација, а особено заштитата на животната средина како и природното и културното наследство во согласност со принципите на одржлив развој и препораките на УНЕСКО ќе бидат основа за развој на туристичката дестинација.

**2.3. Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ**

Движењата како што се ЛОКАВОРЕ или “НА ТРПЕЗА, ДИРЕКТНО ОД НА НИВА” се актуелни во развиениот туристички свет подолго време. Врвните шефови кои ги прават славни ресторанитe ширум светот, не признаваат никаков компромис кога станува збор за набавка на зеленчук, овошје и месо, освен да знаат точно од каде се носат. И купуваат само од најдобрите локални производители. Затоа и лично ги бираат фармерите и креираат трајни врски на соработка. Светот одамна признава дека локално произведената храна гарантира вистински вкус на дестинацијата, искуства и експресии кои ја поврзуваат локалната гастрономија со туристичката дестинација.

Во таа насока, а со цел да се започне процесот на воведување на Локаворе, односно да се промовираат домашните локални производи, предвидени се следниве активности:

**3.1.1.** Советувања, обуки и трибини за концептите на ЛОКАВОРЕ и „На трпеза директно од на нива“ – идеја, главни концепти, правилници - **(за угостителскиот сектор).**

**Предвиден буџет** **80.000,00 ден**

**3.1.2.** Советувања, обуки и трибини за концептите на ЛОКАВОРЕ и „На трпеза директно од на нива“ – идеја, главни концепти, правилници - **(за локалните производители на храна).**

**Предвиден буџет** **80.000,00 ден**

**3.1.3.** Обука за поврзување на локалните производители и хотелско-угостителскиот сектор, (проекции, кооперативни договори, онлајн платформи, мрежи, лого, финансиско работење...).

**Предвиден буџет** **80.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за 3.1. 240.000,00 ден**

### 3.2. Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам

Жените во руралниот туризам. Во рамките на овој приоритет делувањето на секторот за туризам и локален развој ќе биде насочено кон подобрување на условите за постигнување поголема економска независност на руралните жени. Во таа насока ќе се залагаме за поголема информираност и вклученост на руралните жени во искористување на мерките за поддршка на руралниот развој преку програмата за поддршка на туризмот и локалниот развој, можностите за искористување на мерките за рурален развој и ИПАРД фондовите и други фондови за ранливи категории. Секторот за туризам и локален развој ќе организира обуки и едукации за руралните жени за креирање на нови производи и услуги со цел зголемување на нивните вештини и знаења за социјално претприемништво и бизнис планирање, користење на веб и други алатки и знаења кои ќе овозможат намалување на степенот на социјална и економска дискриминацијата на жените во руралните средини. Во рамки на обуката на целната група ќе им бидат презентирани предностите на онлајн продажбата преку презентација на позитивни примери дома и во странство.

**Предвиден буџет 150.000,00 ден**

### 3.3. Кампања „КУПУВАЈ ЛОКАЛНО (BUY LOCAL) - “OHRID GO local”

Со оваа активност е предвиден почеток на кампања за промоција на локалните производи во насока на креирање на нови туристички производи и стимулирање на локалната економија. Предвидени се повеќе активности за промоција на локално произведени производи, изработка на дата база на локални производители која ќе биде достапна за сите заинтересирани страни (потрошувачи, туристички работници, угостители и сл), тематски кампањи за промоција на одредени производи во маркетите во градот и сл. Ваквата активност ќе биде можност за промоција на активностите на целната група на граѓани пред целокупната јавност, но и можност за информирање на пошироката јавност за производите и услугите кои се достапни во градот, а сето тоа ќе доведе до дисперзија и збогатување на туристичката понуда од една страна, и стимулирање на локалната економија од друга.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

### 3.4. Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој

Микропроектите претставуваат ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за реализација на развојни идеи во областа на туризмот. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество.

Предвидено е финансирање на микропроекти за ревитализација на традиционални рурални туристички атракции од заедничко значење за заедницата (ревитализација на стари фурни, чешми, воденици, занаетчиски простори, фото-документациски архиви, имплементација на програми за соработка и вмрежување, како и поддршка на идеи за промоција на локални производи и услуги и сл.).

**Предвиден буџет 600.000,00 ден**

### 3.5. Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic”

Оваа активност предвидува имплементација на мерки согласно *Анализата на визуелното оптеретување на градот*. Најпрво ќе се одржи Јавна презентација и запознавање со *Анализата на визуелното оптеретување на градот* пред туристичкиот сектор, бизнис и трговскиот сектор, граѓански организации, локални и национални институции, како и пред граѓаните на Охрид.

Како директни мерки кои се предвидени за реализација на насоките од оваа анализа, предвидени се:

**3.5.1.** Елаборат (правилник) за стандардизација и визуелна унификација на урбаната текстура, урбаниот мобилијар и утилитарните објекти и опрема и каталог за типолошки серии на опрема, материјал за изработка, начин на поставување и дизајн со карактеристики на обликовна унификација на типолошки серии.

| **Предвиден буџет** | **350.000,00 ден** |
|---|---|

**3.5.2. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија**

Оваа активност предвидува промена на излозите на 6 објекти лоцирани во охридската чаршија чии проекти предлози беа претходно доставени и одобрени од Министерството за економија. При изборот на материјалите и решенијата беше земена во предвид постојната законска регулатива и истите беа изработени имајќи ја во предвид целта да се задржи автентичноста на истите со оглед на тоа дека се лоцирани во заштитено подрачје.

| **Предвиден буџет** | **1.000.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно 3.5.** | **1.350.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за III:** | **2.740.000,00 ден** |
|---|---|

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ

### 4.1. Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид за 2020-2025 година

Оваа активност предвидува јавна презентација на Нацрт стратегијата за развој на туризмот 2020-2025 година пред целокупната јавност, изработка на стратешка оценка за влијанието врз животната средина и разгледување на стратешкиот документ од Советот на општина Охрид. По нејзиното усвојување истата ќе биде официјален стратешки документ на општина Охрид. Факултетот за туризам и угостителство – Охрид е изработувач на наведениот стратешки документ.

| **Предвиден буџет** | **0,00 ден** |
|---|---|

### 4.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид

Локалната самоуправа согласно надлежностите и законските обврски, преку Секторот за ТЛЕР – Одд. за туризам во 2019 ќе продолжи со активностите за управување со туристичките дејности од мал обем во кои влегуваат:

- Евиденција, регистрација, категоризација како и продолжување на решенијата за категоризација на сместувачки капацитети од мал обем.
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги во селски, етно и еколошки туризам,
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристичка дејност – вршење на услужни дејности, изнајмување на пловила за забава (сандолини), даска за едрење и слично..),
- Евиденција и регистрација на даватели на услуги за туристички услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 10 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

| **Предвиден буџет** | **0,00 ден** |
|---|---|

### 4.3. Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем

Согласно законската регулатива, регистрираните и категоризирани станоиздавачи од мал обем кои редовно ги подмируваат обврските за плаќање туристичка такса ќе бидат субвенционирани согласно условите и одредбите од Правилникот за оваа намена кој ќе биде усвоен од Советот на

општина Охрид. Начинот на субвенционирање, висината на субвенцијата и периодот за кој се однесува субвенцијата ќе бидат дефинирани во Правилник за субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност.
Една од целите на оваа активност е да се стимулираат приватните станоиздавачи за редовно и навремено плаќање на туристичката такса, со што се очекува зголемување на уплатата, од една страна, како и добивање на пореален приказ за бројот на остварени ноќевања од друга страна.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за IV: 400.000,00 ден**

## 5. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

### 5.1. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во склоп на развој на туризмот, а претставуваат активности кои би се реализирале во рамки на проекти финансирани од други страни и донатори. Средствата од оваа активност се предвидени за реализација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во партнерство со Универзитетот за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастро од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности.
Проектот е одобрен во Март 2017. Вкупен буџет на проектот е 1.162.000,00 Евра од кои за Охрид се предвидени 121.450,00 евра буџет за реализација на проектни активности. Активностите на проектот се комплетно завршени во 2021 година, останува уште финалната исплата од околу 1.500.000,00 мкд, по нивно рефундирање од страна на ЕУ.

**Предвиден буџет 1.500.000,00 ден**

### 5.2. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

**Предвиден буџет 500.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за V: 2.000.000,00 ден**

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2022: 20.690.000,00 ден**

**РЕКАПИТУЛАР**

| НАЦРТ Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРСТРУКТУРА И ПРОИЗВОД** | | | |
| 1.1. | Изградба на адреналински парк “OHRID GO adventuristic” | | 9.660.000,00 | 9.660.000,00 |
| 1.2. | Изградба на PUMP TRACK полигон “OHRID GO dynamic” | | 3.390.000,00 | 3.390.000,00 |
| 1.3. | Бесплатен Hot Spot Интернет “OHRID GO connected” | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| | **Вкупно 1** | **200.000,00** | **13.050.000,00** | **13.250.000,00** |
| **II** | **ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД** | | | |
| 2.1. | Промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 2.2. | Изготвување на промотивен материјал за Охрид | 1.700.000,00 | | 1.700.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **2.300.000,00** | / | **2.300.000,00** |
| **III** | **СТАНДАРДИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ** | | | |
| 3.1. | Воведување на концепт за поврзување на локалното производство со туристичката индустрија - ЛОКАВОРЕ | 240.000,00 | | 240.000,00 |
| 3.2. | Родова инклузивност и вклучување на жените во руралниот туризам | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 3.3. | Кампања „КУПУВАЈ ЛОКАЛНО (BUY LOCAL) - “OHRID GO local” | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| 3.4. | Финансирање на микропроекти за поддршка на развојот на туризмот согласно приоритетните цели за одржлив развој | 600.000,00 | | 600.000,00 |
| 3.5. | Реализација на активности од „Анализата на визуелното оптеретување на градот“ - “OHRID GO authentic” | 1.350.000,00 | | 1.350.000,00 |
| | **Вкупно 3** | **2.740.000,00** | / | **2.740.000,00** |
| **IV** | **УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ ЗА СТИМУЛИРАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ** | | | |
| 4.1. | Усвојување на стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид за 2020-2025 година | 0,00 | | 0,00 |
| 4.2. | Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид | 0,00 | | 0,00 |
| 4.3. | Субвенционирање на приватни станоиздавачи од мал обем | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **400.000,00** | | **400.000,00** |
| **V** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 5.2. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| | **Вкупно 5** | **500.000,00** | **1.500.000,00** | **2.000.000,00** |
| **ВКУПНО** | | **6.140.000,00** | **14.550.000,00** | **20.690.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08 -13561/3**
**29.12.2021**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/75**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната :

# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

**Вовед**

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Воедно, оваа програма се базира на дефинираните цели и приоритети од стратегиските развојни документи на општината, како што се стратегијата за рурален развој на општина Охрид 2019 -2025 и стратегијата за туризам на општина Охрид.

Имајќи ја во предвид јасната претстава за пазарниот механизам и двигателите на локалниот економскиот пораст, постојната конкурентна позиција и начинот наа функционирање, Програмата за поддршка на локалниот економски развој преку воведување различни видови стимулации, пристапи и активности предвидува мерки за подобрување на деловното опкружување. Битно да се спомене е дека сите мерки кои ги предлага и превзема локалната власт се индиректни и поттикнувачки, со што се овозможува откривањето на најдобрата практика за развој и одржлив економски раст да припадне на локалното население, бидејќи подготвеноста за активно учество на заедницата е пресудна за успешно спроведување на иницијативите наведени во Програмата за поддршка на локалниот економски развој.

Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2022 година ќе се реализира преку Секторот за локален економски развој и Одделението за локален економски развој, согласно своите надлежности и задолженија во следните главни насоки на дејствување:

**I.** Зајакнување на локалниот економски развој, воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите, како и подобрување на регулаторната политика за раст на компаниите од приватниот сектор.

**II.** Поддршка на локалниот економски развој преку партиципативно учество на заедницата преку финансиска поддршка на локални микропроекти од општествена важност и кои произлегуваат од заедницата; активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на микро и мали претпријатија, физички лица производители, фармери; градење на партнерства и соработки, формирање на локални акциони групи, поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија, преземање на активности во насока на рационална употреба на ресурси и др.

**III.** Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

Активностите предвидени во оваа програма ќе бидат имплементирани под мотото “OHRID GO”, како иницијален почеток на брендирање и развој на Охрид под унифициран слоган.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА**

За реализација на Програмата за 2022 во износ од **28.850.000,00 денари** ќе бидат обезбедени средства од следниве приходи:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид | **3.800.000,00 ден** |
| 2 | Приходи по други основи - донации | **25.050.000,00 ден** |
| | Вкупно | **28.850.000,00 ден** |

**I. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА**

**I.** Со активностите предвидени во овој дел, се предвидува зајакнување на локалниот економски развој, воспоставување соработки и партнерства, зголемени можности за подобрување на пристапот до пристојно вработување и зголемување на приходите за различните категории на граѓани, пристап до подобрена едукација и вештини во секторите и сл. Воедно, ќе биде стимулирано партиципативното учество на заедницата преку активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на микро и мали претпријатија, физички лица производители, фармери и др., градење на партнерства и соработки, формирање на локални акциони групи, поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија и др.

**1.1. Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство.**

Со оваа активност се предвидува поддршка на претприемништвото и отворање на нови работни места преку самовработување во областа на **регистрирано занаетчиство.** Запознавање на заинтересираните целни групи со Законот за занаетчиство; вршење на дејност; занаетчиски регистар; упис во занаетчискиот регистар; фирма (натпис); упис на промена; седиште; начин на вршење на дејност; престанок на дејност; занаетчиска дозвола услови за издавање на занаетчиска дозвола; субвенционирање на вршители на занаетчиска дејност; мајсторска титула; организирање на чирачка работа; Занаетчиска комора на Република С. Македонија. Оваа комплексна активност е планирно да се реализира преку предавања и едукативни сесии во соработка со занаетчиска комора и други стручни лица, здруженија, организации.

| **Предвиден буџет** | **0,00 ден** |
|---|---|

**1.2. Субвенционирање на новорегистрирани и на веќе регистрирани занаетчии**

Како надополнување на претходната активност, Секторот за ТЛЕР предвидува мерка преку која заинтересираните граѓани ќе можат и практично да ја искористат можноста за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство, односно искористување на предностите од регистрирањето како занаетчија во Регистарот на занаетчии. Преку оваа мерка ќе биде овозможено субвенционирање за започнување на сопствен занаетчиски бизнис во гастрономија, туризам, трговија, производство, дизајн, сликарство, автомеханичарство и сл.

Право на користење на субвенција ќе имаат и веќе регистрираните занаетчии согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност. Условите за користење на субвенции ќе бидат дефинирани преку посебен правилник.

| **Предвиден буџет** | **300.000,00 ден** |
|---|---|

**1.3. Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини.**

Новите можности и правилници за производство и пласман на храна како можност за зголемени приходи и економски развој во руралните средини не се доволно афирмирани меѓу жителите на руралните средини, со што можноста за нивно искористување е на многу ниско ниво. Презентирањето и активното работење на терен со оваа категорија на луѓе, во контекст на искористување на можностите на ваквите мерки, ќе допринесе за зголемување на бројот на лица кои би можеле да ги користат бенефитите на овие мерки, а со тоа долгорочно да започнат свој бизнис во руралната средина. Предвидени се две мерки:

**1.3.1.** Оджување на информативно едукативна обука за презентирање на можностите кои **ги нудат новите правилници за производство на храна** со традиционални карктеристики за анимални производи, за начин на регистрирање, потребни документи, меѓусебно вмрежување и сл. Целта на оваа активност е зголемен број на регистрирани производители на производи во Регистарот на објекти и оператори со храна за примарно производство и преработка на производи **од животинско потекло** и / или во Регистарот на објекти и оператори за примарно производство на **храна од неживотинско потекло.**

**Предвиден буџет 90.000,00 ден**

**1.3.2. Теренска обука** – посета на рурални средини и фармери каде ќе се истражат ресурсите на фармерите и ќе се дадат конкретни предлози и идеи кои мерки треба да се преземат за да се обезбедат минимално техничките барања за регистрација и потребата од меѓусебна кооперација и здружување.

**Предвиден буџет 60.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за 1.3. 150.000,00 ден**

**1.4. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛИДЕР пристапот во општина Охрид**

LEADER/ЛИДЕР пристапот како метод за иницирање и мобилизирање на руралното население за спроведување на активности во локалните рурални заедници е нова тема .
LEADER/ЛИДЕР и е дел од 5-тата компонента на ИПА – програмата ИПАРД.
Општина Охрид преку LEADER/ЛИДЕР пристапот во идниот период ќе има можност за користење на поголеми средства од ИПАРД програмите за рурален развој во руралната инфраструктура.
Структурата на ЛАГ-от е следна:

- Претставниците на јавниот сектор (општина и други државни институции) треба да бидат застапени **најмногу 20%** од вкупниот број на членови на ЛАГ-от;
- Претставниците на граѓанскиот сектор (здруженија, граѓани поединци, жени, млади итн) треба да бидат застапени со **најмалку 50%** од вкупниот број на членови на ЛАГ-от;
- Претставниците на деловниот сектор треба да бидат застапени со **намјногу 30%** од вкупниот број на ЛАГ-от;

**1.4.1. Обука за операционализација на СТРАТЕГИЈА ЗА ЛАГ**

Преку стручна обука за сите членови на ЛАГ-от ќе се запознаат со актуелната состојба со Локалната Акциона Група во Охрид и законска рамка, потребите, принципите на работа и можностите за работа на општините преку ЛАГ, анализа и доработка на Стратегијата за територијата на ЛАГ-от, методологија, и условите за активирање на финансиски средства од ЛИДЕР програмата за поддршка на локалниот развој.

**Предвиден буџет 150.000,00 ден**

**1.5. Фонд за иновации**

Целта на овој фонд е да се издвојат финансиски средства за поддршка и афирмација на млади лица кои имаат иновативни идеи, а во насока на потикнување на иновативноста во приоритетните области од науката и технологијата, како и заштитата на животната средина. Оваа активност ќе се реализира преку распишување на јавен повик. Условите и критериумите на јавниот повик ќе бидат претходно утврдени во правилник кој ќе го донесе Советот на општина Охрид.

**Предвиден буџет** **200.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за I:** **800.000.00 ден**

**II. ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ**

Обезбедувањето на услови и конкретни активности и проекти за подобрување и зајакнување на економската конкурентност на Охрид е еден од приоритетите за подобрување на економската клима на градот, како и овозможување на подигнување на нивото на давање стопански услуги на населението. Овој процес е еден од најкомплексните во рамки на локалниот економски развој, но воедно и еден од најсуштинските за подобрување на економската клима и привлекување на директни инвестиции, а со тоа и отварање на нови работни места.

**2.1. Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна**

Поранешната касарна претставува локација која овозможува одлична можност за нејзин понатамошен развој. Лоцирана надвор од градскиот урбан центар, надвор од градскиот метеж, а сепак доволно близу да може да претставува локација која е блиска и достапна за сите. Со површина од околу 30 ха, дава изворнредна можност истата да биде функционално искористена. Ист е случајот и со објектите кои се лоцирани таму, а кои веќе долго време не функционираат и се во прилично лоша состојба. Сепак, веќе реновираната една зграда, како и планираните содржини од рекреативен карактер, се показател дека истата може да прерасне во нов урбан центар на градот. Со цел, зачувување на функционалноста на локацијата, нејзиното транформирање во јавна површина со комбиниран карактер (технолошки и рекреативен), потребен е сериозен и сеопфатен пристап во планирањето на нејзиниот развој. Со изработка на Студија за развој на овој простор, планирање на нејзината намена долгорочно, и подготовка на акциони планови за реализација на стратешките насоки, ќе добиеме можност целата оваа област да ја транформираме во технолошко-рекреативна зона. На овој начин ќе се добие сериозен документ кој покрај неговата примена во однос на планирањето на развој, ќе претставува основа преку која ќе може да се генерираат средства од различни донатори, а воедно ќе биде и алатка за привлекување на инвеститори. Самиот концепт за нејзина трансформација ќе овозможи развој на голем број на незагадувачки дејности, дисперзија на гравитирањето на населението и посетителите надвор од градскиот центар, ќе овозможи отварање на работни места, а воедно ќе биде и место за разонода и рекреација на сите генерации. Преку оваа студија ќе се добие и идејно решение за нејзиниот можен изглед, прикажан преку соодветни модерни алатки, 3Д анимации и сл.

**Предвиден буџет** **2.600.000,00 ден**

**2.2. Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар**

Во рамки на една од зградите на поранешната касарна, на површина од 400 м2, ќе биде формиран старт ап центарот. Истиот е замислен да биде како простор за работа на околу 20 засебни отворени канцеларии, целосно технички опремен, со посебен конференциски дел, мини кујна и сл. Целта на оваа активност е создавање на услови за развој на локалната економија базирана на знаење, како и придвижување на локалната економија преку воспоставување иновативен механизам за вклучување на граѓаните, граѓанските организации и бизнисите во развој на локалната економија. Оваа активост ќе го стави Охрид на мапата како едно од најпосакуваните места за работа во Македонија и регионот. Стартап центарот како и

пропратните содржини ќе овозможат основи услови за развој на претприемништвото во Охрид, поддршка за младите претприемачи од Охрид и регионот, како и развој на иновации. Дополнително проектот ќе привлече компании од ИТ сферата и дигиталната дејност кои секогаш бараат услови за работа кои ја поттикнуваат креативноста, но и директно ќе влијае за социо-економскиот развој на Охрид и регионот.

Формирањето на Smart Ideas Hub и понудата на неговите простории како простор за заедничка работа за млади претприемачи ќе претставува мал, но сепак важен чекор во настојувањето да се создадат работни места со повисока додадена вредност кои се интегрираат во глобалната политичка економија. Неговото формирање ќе овозможи 1) бесплатен простор за соработка за почетници, хонорарци и дигитални номади, или, со други зборови, како центар за стартување, 2) проектна канцеларија, 3) логистички центар и место за сите проектни активности и бесплатно место за организација на настани од локални невладини организации, младински организации и старт-апи. Оваа целна група ќе има корист и од обуките за дигитални вештини кои ќе бидат понудени како дел од работните планови на Smart Ideas Hub. Конечната целна група се (млади) претприемачи. Младите заинтересирани да основаат сопствени бизниси во услужната економија директно ќе имаат корист од Smart Ideas Hub кој ќе биде понуден како простор за соработка, адреса за регистрација на бизниси и место за собирање млади луѓе и одржување на обуки. Граѓаните, од друга страна, ќе имаат корист од имплементацијата на иновативни решенија кои се справуваат со развојните проблеми и создаваат предуслови за одржлив развој на економија базирана на знаење.

| **Предвиден буџет** | **1.730.000,00 ден** |
|---|---|

## 2.3. Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди

Градскиот SMART систем за велосипеди ќе биде воспоставен сп цел да ги реши предизвиците на урбаната микромобилност и да го подобри квалитетот на животот за жителите на градот. Споделувањето велосипед ќе биде алтернативна транспортна опција, дополнување на јавниот превоз, фокусирана на жителите и посетителите / туристите. Ваквиот систем се предвидува да има повеќекратна вредност, како за луѓето, така и за животната средина. Системите за споделување велосипеди имаат позитивни надворешни ефекти врз економијата, употребата на енергија, животната средина и јавното здравје. Споделувањето велосипед е исто така корисно за намалување на урбаниот метеж, загадувањето со бучава, намалување на CO2 емисиите и сл. Системот за споделување велосипеди ќе има особено големо значење за Охрид, каде што имаме голем прилив на туристи во летните месеци. Исто така, ќе има позитивно економско влијание врз комерцијалните области, при што станиците за споделување велосипеди привлекуваат повеќе потрошувачи во блиските бизниси, а корисниците на овие велосипеди имаат поголема веројатност да трошат пари во близина на станиците за споделување велосипеди. Воедно, со користењето на овие велосипеди, се користи значително помалку време за наоѓање паркинг. Ваквиот систем на велосипеди може да поттикне нова демографија - оние кои вообичаено не возат велосипед - да почнат да користат велосипеди за транспорт.
Со оваа активност е предвидено да се набават 60 велосипеди, кои ќе бидат поставени на 10 докинг станици (паркиралишта), во градот и неговата околина.

| **Предвиден буџет** | **9.720.000,00 ден** |
|---|---|

## 2.4. Организација на ХАКАТОН “OHRID GO creative”

Оваа активност предвидува организирање и одржување на „Хакатон – натпревар за изработка на софтверско решение“ (мобилни апликации и веб апликација) за дигитализација на каталог за даватели на туристички услуги во руралните средини. Оваа алатка ќе претставва отворена платформа на која сите даватели на услуги во руралниот туризам ќе можат да ги промовираат своите услуги (сместување, домашна храна и производи, туристички услуги и сл), а од друга страна сите корисници на овие услуги (угостители, хотелиери, посетители и локално население) ќе можат да изберат каков тип на услуга и производ би сакале да употребат. Апликацијата понатаму ќе може да се надоградува и со други модули во интерес на развојот на руралниот туризам.

Решението ќе биде изработено на „хакатон“ организиран од општината, во просториите на старата касарна, каде што ќе биде лоциран СМАРТ Охрид Хаб. Мултидисциплинарни тимови ќе бидат поканети да учествуваат преку отворен повик на дводневниот хакатон. Под менторство на искусни професионалци од различни области релевантни за предизвикот, тимовите ќе изработаат и презентираат “пич декови“ за решавање на проблемот. Жири комисијата ќе го одбере најдоброто решение, кое ќе добие награда и ќе потпише договор за изработка на решението. Истото понатаму ќе биде достапно бесплатно за сите видови мобилни уреди.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

**2.5. Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид**

Во насока на поддршка на невработени лица за нивно полесно снаоѓање на пазарот на труд општина Охрид предвидува субвенционирање на обуки за прекфалицијација и докфалификација на младите и на невработените лица, како и обуки за стекнување на дополнителни вештини. Со оваа активност е предвидено одржување на серија на стручни обуки кои ќе се реализираат во соработка со соодветни институции и работодавачи, со цел стимулирање на социјалната интеграција, намалување на невработените и подобрување на нивните квалификации за идно вработување. Изборот на струките за кои ќе се врши прекфалификација и докфалификација се прави врз основа наспроведени анкетни истражувања за потребите на охридското стопанство. Обуките ќе се спроведуваат во различни сегменти, така што, согласно потребите на пазарот заинтересираните и избрани лица ќе можат да посетуваат и обуки за учење на странски јазици.

**Предвиден буџет 500.000,00 ден**

**2.6. Субвенционирање на набавка на велосипед**

Во насока на стимулирање на користењето на велосипеди како активност која го поддржува здравиот начин на живеење со едновремено влијание врз намалувањето на загадувањето на животната средина, општина Охрид предвидува активност за субвенционирање на набавката на велосипеди. Начинот на спроведување на јавниот повик, износот на субвенцијата, категоријата на корисници и останатите прашања ќе бидат дефинирани во правилник кој ќе го донесе Советот на општина Охрид.

**Предвиден буџет 400.000,00 ден**

**Вкупно предвиден буџет за II: 15.550.000,00 ден**

**III. ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Операционализација и спроведување на целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој со директно вклучување во процесот на имплементација на микрозаедниците преку финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој.

3.1. **Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој**

Ваквата форма на стимулирање на партиципативноста на локалното население претставува ефикасна форма на финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. Реализацијата на оваа активност ќе се одвива исклучиво со поддршка на месните заедници. Активноста ќе се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврден правилник за критериуми за учество.

Оваа активност ќе биде базирана на две тематски подактивности:

**3.1.1.** Финансирање на микропроекти за уредување на јавни селски површини, сокаци, одводни канали.

**3.1.2.** Финансирање на микропроекти за естетско и хортикултурно уредување на јавни површини и урбана опрема (цвеќиња, садници, паркови, детски игралишта, спортско-рекреативни површини...)

| **Предвиден буџет** | **400.000,00 ден** |
|---|---|

| **Вкупно предвиден буџет за III:** | **400.000,00 ден** |
|---|---|

## IV. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

Една од круцијалните активности на Одделението за локален економски развој, претставува подготовка, аплицирање и имплементација на проекти во најразлични области, финансирани од домашни и меѓународни донатори, програми, фондации, амбасади и сл. Процесот на имплементација на проектите претставува сложена активност која бара прецизно планирање и реализација како на проектните активности, така и на предвидениот проектен буџет.

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот, покрај обезбедената донација предвидена во проектот, како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел.

### 4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

| **Предвиден буџет** | **1.300.000,00 ден** |
|---|---|

### 4.2. Средства од аплицирани и одобрени проекти

Во оваа програмска ставка се предвидени реализација на активности кои се во рамки на севкупниот локален економски развој, а претставуваат активности кои ќе се реализираат во рамки на проекти финансирани од домашни и меѓународни донатори.

Во рамки на програмата EU for municipalities, аплициран и одобрен е проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO)*”* кој отпочна со реализација на 01.12.2021 година. Проектот е во партнерство со Stellar Solutions од Скопје, и општина Воден, Грција. Вкупен буџет на проектот е 716.724,88 еур, и ќе се реализира во наредните 2 и пол години.

Во 2021 година реализиран е проектот „ Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјални услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција “ акроним *„CROSS4ALL”* од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Грција – Република С. Македонија 2014-2020. Проектот е со комплетно реализирани активности, а во 2022 година треба уште да се извршат финалните исплати и да се подготви финалниот извештај.

| | |
|---|---|
| **Предвиден буџет** | **11.000.000,00 ден** |
| **Вкупно планиран буџет за IV:** | **12.300.000,00 ден** |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2022:** | **28.850.000,00 ден** |

**РЕКАПИТУЛАР**

НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 година

| Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Активност** | **Средства од буџет** | **Средства од донации** | **ВКУПНО** |
| **I** | **ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ ПАРТИЦИПАТИВНО УЧЕСТВО НА ЗАЕДНИЦАТА** | | | |
| 1.1. | Одржување на едукативни сесии за самовработување преку регистрирање на дејност – занаетчиство. | 0,00 | | 0,00 |
| 1.2. | Субвенционирање на новорегистрирани занаетчии | 300.000,00 | | 300.000,00 |
| 1.3. | Мерки за зголемување на приходи и економски развој на руралните средини. | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 1.4. | Имплементација на ЛИДЕР пристапот во општина Охрид | 150.000,00 | | 150.000,00 |
| 1.5. | Фонд за иновации | 200.000,00 | | 200.000,00 |
| | **Вкупно 1** | **800.000,00** | | **800.000,00** |
| **II** | **ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ОХРИД И РАЦИОНАЛНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИ** | | | |
| 2.1. | Изработка на Студија за технолошко-рекреативен развој на просторот на поранешната касарна | | 2.600.000,00 | 2.600.000,00 |
| 2.2. | Формирање на Smart Ideas Hub – Старт Ап центар | | 1.730.000,00 | 1.730.000,00 |
| 2.3. | Smart City Bike System “Ohrid Go Mobile” – Градски Систем за Велосипеди | | 9.720.000,00 | 9.720.000,00 |
| 2.4. | Организација на ХАКАТОН “OHRID GO creative” | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| 2.5. | Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд | 500.000,00 | | 500.000,00 |
| 2.6. | Субвенционирање на набавка на велосипед | 400.000,00 | | 400.000,00 |
| | **Вкупно 2** | **1.300.000,00** | **14.050.000,00** | **15.350.000,00** |
| **III** | **ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ** | | | |
| 3.1. | Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој | 400.000,00 | | 400.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно 3** | **400.000,00** | | **400.000,00** |
| **4** | **ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ** | | | |
| 4.1. | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 1.300.000,00 | | 1.300.000,00 |
| 4.2. | Средства од аплицирани и одобрени проекти | | 11.000.000,00 | 11.000.000,00 |
| | **Вкупно 4** | **1.300.000,00** | **11.000.000,00** | **12.300.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **3.800.000,00** | **25.050.000,00** | **28.850.000,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021год.** **Претседател**
**Охрид** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 - 2024 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** развојната Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2022 - 2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/76** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), член 22 ст.1 т.1 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната :

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НАОПШТИНА ОХРИД 2022-2024**

## 1.ВОВЕД

Развојната програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 година претставува основа за изработка и донесување на урбанистички планови, урбанистички плански документации и планско-проектни документации во Општината , основа за уредување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање на согласност за изработените планови од Министерство за транспорт и врски-Скопје.

## 2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПЛАНСКО - ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

## *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| **I-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополна на ГУП на град Охрид,за УЗ 2- УБ 2.2,2.4; УЗ 5-УБ 5.2,5.4; УЗ 9-УБ 9.1,9.3; УЗ 12-УБ 12.2; УЗ 13-УБ 13.2; УЗ 17-УБ17.1; | Општина (266.315,00) |
| | Вкупно: | **266.315,00** |

| **I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | Општина (68.640,00) |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј | Општина (177.840,00) |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7 | Општина (177.000,00) |
| **4** | **Урбан Блок 4.3** | |
| 4.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.3 | Општина (246.000,00) |
| **5** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 | Општина (262.000,00) |
| **6** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | Општина (388.000,00) |
| **7** | **Урбан блок 5.3** | |

| | | |
|---|---|---|
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| **8** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | Општина (404.430,00) |
| **9** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.1 - Опфат 2 | Општина (630.130,00) |
| **10** | **Урбан блок 10.1** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 2 | Општина (530.000,00) |
| **11** | **Урбан блок 12.4** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | Општина ( 72.000,00) |
| **12** | **Урбан блок 14.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **13** | **Урбан блок 15.1** | |
| 13.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | Општина (25.000,00) |
| **14** | **Урбан блок 15.4** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | Општина (150.000,00) |
| **15** | **Урбан блок 16.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | Општина (105.000,00) |
| | | |
| | Вкупно: | **3.386.040,00** |

**I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 -"Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 -"Работничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7-"Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9-"Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14- "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 18 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| **I-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Детални урбанистички планови во УЗ 1** | |
| **2** | **Детални урбанистички планови во УЗ 2** | |
| **3** | **Детални урбанистички планови во УЗ 3** | |
| **4** | **Детални урбанистички планови во УЗ 4** | |
| **5** | **Детални урбанистички планови во УЗ 5** | |
| **6** | **Детални урбанистички планови во УЗ 6** | |
| **7** | **Детални урбанистички планови во УЗ 7** | |
| **8** | **Детални урбанистички планови во УЗ 8** | |
| **9** | **Детални урбанистички планови во УЗ 9** | |
| **10** | **Детални урбанистички планови во УЗ 10** | |
| **11** | **Детални урбанистички планови во УЗ 11** | |
| **12** | **Детални урбанистички планови во УЗ 12** | |
| **13** | **Детални урбанистички планови во УЗ 13** | |
| **14** | **Детални урбанистички планови во УЗ 14** | |
| **15** | **Детални урбанистички планови во УЗ 15** | |
| **16** | **Детални урбанистички планови во УЗ 16** | |
| **17** | **Детални урбанистички планови во УЗ 17** | |
| **18** | **Детални урбанистички планови во УЗ 18** | |

| **I-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за село Пештани | Општина (1.571.820,00) |
| 2 | УП за село Велестово | Општина (1.300.000,00) |
| | Вкупно: | **2.871.820,00** |

| **I-6. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | Финансирано од Ј.П."Охридски Комуналец" Охрид |

| **I-7. ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| 1 | Проект за инфраструктура за потреби на општината | Финансиските средства за проектите планирани во Програмата од Сектор |

| | | |
|---|---|---|
| | | за комунален развој улици и сообраќај |
| 1.1 | ПИ за поставување на телекомуникациски столб и телеком/електро кабел ОХР3073 Пештани ГФ | |
| 1.2 | ПИ за изградба на линиски инфраструктурен објект, Локален пат од село Лескоец до с. Горно Лакочереј, општина Охрид | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I-8. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | | |
| **1** | Урбанистички проекти за потреби на општината | Општина (600.000,00) | |
| **2** | Урбанистички проекти за плажи на Охридско Езеро | Општина (700.000,00) | |
| | Вкупно: | **1.300.000,00** | |

## ***II. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид и Агенции формирани од Влада***

| | | |
|---|---|---|
| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УП за село Љубаништа | 679.680,00 |
| 2 | УП за село Трпејца | 424.800,00 |
| 3 | УП за село Елшани | 207.060,08 |
| 4 | УП за село Лагадин | 644.280,00 |
| 5 | УП за село Долно Коњско | 536.900,00 |
| 6 | УП за село Велгошти | 1.342.002,20 |
| 7 | УП за село Лескоец | 1.265.367,14 |
| 8 | УП за село Косел | 1,223.424,00 |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | 427.000,70 |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | 997.100,00 |
| 11 | УП за село Подмоље | 767.000,00 |
| 12 | УП за село Орман | 150.000,00 |
| 13 | УП за село Горно Коњско | 153.400,00 |
| 14 | УП за село Рамне | 84.960,00 |
| 15 | УП за село Опеница | 287.583,44 |
| 16 | УП за село Вапила | 244.000,40 |
| 17 | УП за село Сирула | 67.968,00 |
| 18 | УП за село Куратица | 322.093,45 |
| | **Вкупно:** | **9.824.620,00** |
| **СЕ ВКУПНО ЗА ТОЧКА 2.** | | **17.648.795,00** |

**3. ГЕОДЕТСКИ И КАТАСТАРСКИ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА УРБАНИЗМОТ 700.000,00**

1. Геодетски елаборати за ажурирани подлоги за изработка на урбанистички планови и проекти
2. Ажурирање на геодетски подлоги за потребите на урбанизмот
3. Преклопување на подлоги при усвојувањена урбанистички планови и проекти

**4. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
**600.000,00**

**5. СТРУЧНА РЕВИЗИЈА**
**1.500.000,00**

**6. ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ**
**700.000,00**

**НАПОМЕНА:** **Имајќи ја во предвид процедурата и постапката за донесување на урбанистичките планови, во буџетот на општина Охрид за Равојната програма за изработка на урбанистичките планови на територијата на општина Охрид 2022-2024 година, се предвидуваат средства во вредност од 21.148.795,00 ден, од кои 4.950.000,00 ден. се предвидени согласно Решението за одобрување на барањето за финансиска подршка за изработка на урбанистички планови за села, од страна на Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој.**
**Од вкупно предвидените средства во Равојната програма, за буџетската 2022 год. планирано е да се реализираат 2.500.000,00 ден.**

## ***III. Планови кои ќе ги финансира Влада на РМ***

| **III-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | Влада на РМ |

| **III-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина | Влада на РМ |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | Влада на РМ |

| **III-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | Влада на РМ |

# *IV. Планови финансирани со приватни иницијативи*

| IV-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 и УЗ 17 УБ 17.4 | Прив.иницијатива |

| IV-2. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| 1 | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ15 УБ 15.1 | Прив.иницијатива |

| IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| 1.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | Прив. иницијатива |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | Прив. иницијатива |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | Прив. иницијатива |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектир. ул. | Прив. иницијатива |
| **6** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | Прив. иницијатива |
| **7** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 6 ,УБ 6.1 опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **8** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 8.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | Прив. иницијатива |
| **9** | **Урбан Блок 7.1** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | Прив. иницијатива |
| **10** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 10.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **11** | **Урбан Блок 8.1** | |

| | | |
|---|---|---|
| 11.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| 11.2 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.1 – опфат 3 | Прив. иницијатива |
| **12** | **Урбан блок 8.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - опфат 1 (измена и дополнување) | Прив. иницијатива |
| **13** | **Урбан блок 9.1** | |
| 13.1 | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | Прив. иницијатива |
| **14** | **Урбан блок 9.2** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ9, УБ 9.2 - Опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **15** | **Урбан блок 9.4** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 9 УБ 9.4 | Прив. иницијатива |
| **16** | **Урбан блок 10.1** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | Прив. иницијатива |
| **17** | **Урбан блок 10.2** | |
| 17.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **18** | **Урбан блок 10.4** | |
| 18.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | Прив.иницијатива |
| 18.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | Прив.иницијатива |
| **19** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| **20** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 20.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | Прив.иницијатива |
| **21** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 21.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 21.2 | ДУП во УЗ 12 УБ 12.1 - опфат 2 (измени и дополнувања) | Прив.иницијатива |
| **22** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **23** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 23.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | Прив.иницијатива |
| **24** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 24.2 | ДУП за УЗ , УБ 13.3 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **25** | **Урбан блок 15.5** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 25.2 | ДУП за УЗ 15 УБ 15.5 - опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **26** | **Урбан блок 15.7** | |
| 26.1 | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | Прив.иницијатива |
| **27** | **Урбан блок 16.1** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| 27.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | Прив.иницијатива |
| **28** | **Урбан блок 16.3** | |
| 28.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |
| **29** | **Урбан блок 18.1** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | Прив.иницијатива |

| **IV-4. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕДНА ПАРЦЕЛА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 2 | ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3 | Прив.иницијатива |
| 3 | ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др. | Прив.иницијатива |
| 4 | ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 5 | ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 6 | ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151 | Прив.иницијатива |
| 7 | ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 8 | ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2 | Прив.иницијатива |
| 9 | ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3 | Прив.иницијатива |
| 10 | ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4 | Прив.иницијатива |
| 11 | ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 12 | ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 13 | ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка | Прив.иницијатива |
| 14 | ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 15 | ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 16 | ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово | Прив.иницијатива |
| 17 | ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14 | Прив.иницијатива |
| 18 | ДУП за ГП 1 во УЗ 16, УБ 16.2 на КП 2649/1, 2649/2, 2649/5 и 3037/5, КО Велестово | Прив.иницијатива |

| **IV-5. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | Прив.иницијатива |
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | Прив.иницијатива |
| 4 | УПВНМ Горица Север | Прив.иницијатива |
| 5 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 6 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | Прив.иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 8 | УПВНМ Горица Исток – опфат 1 | Прив.иницијатива |
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | Прив.иницијатива |

| **IV-6. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | Прив.иницијатива |
| 2 | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на кп 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | Прив.иницијатива |
| 3 | ЛУПД за ГП 1.1 на кп бр. 1445/1 КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 4 | ЛУПД за ГП бр.1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 2751/4, КП 2751/5, КП 2751/6, КП 2752/1, КП 2752/2, КП 2752/4, КП 2753/1, КП 2753/3, КП 2754/1, КП 2754/2, КП 2756/5 и КП 2756/7 во КО Коњско, Охрид | Прив.иницијатива |
| 5 | ЛУПД за формирање на ГП на дел од кп 487/1 КО Д.Лакочереј вгр и кп 6483/10 КО Охрид 4 со намена В-5 верски институции, општина Охрид | Прив.иницијатива |
| 6 | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | Прив.иницијатива |

## 7. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Динамиката на реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата, брзината на изработката на ажурираните геодетски подлоги, брзината на изработка на плановите и брза и ефикасна соработка на државните органи што партиципираат во донесување на урбанистичките планови.

Оваа Развојна Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за финансиските потреби на територијалната противпожарна единица Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/77** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19, 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**за финансиските потреби на ТППЕ Охрид**
**за 2022 година**

Заради професионално и ефикасно извршување на финкцијата во заштитата и гаснењето на пожари во Општина Охрид и други активности, согласно Законот за пожарникарство, Законот за заштита и спасување и Прирачникот за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра, за потребите на ТППЕ Охрид за 2022 година потребно е да се одобрат следните финансиски средства:

**Финансиски потреби за вработените во ТППЕ - ОХРИД**

**1. Комунални услуги, греење, комуникација, транспорт, хигиенски материјали, канцелариски и административни материјали и друго**
**610.000 денари**

**- огревно дрво 100.000 денари**
Во зимскиот период гаражните простории во ТППЕ Охрид се загреваат со грејни тела на цврсто гориво – дрва, заради постигнување на мимимум 8ºC температура во секој дел од гаражниот простор. Заради тоа потребно е за грејната 2022 година да се набават 28 метри просторни огревно дрво.
**- клима уред 50.000 денари**
Заради затоплување на дежурната просторија, канцелариите и целокупниот административен дел на ТППЕ Охрид потребно е да се набави клима уред – инвертер.
**- горива за моторни возила, ПП пумпи и агрегати и останата опрема**
**300.000 денари**
Во текот на годината за потребите целокупната моторна опрема и возила се користи течно гориво (нафта и бензин). За тие потреби земајќи предвид зголемувањето на цената на горивата потребно е за 2022 година да се планираат и одобрат финанскиски средства од 300.000 денари
**- регистрација на моторни возила 100.000 денари**
Согласно законските прописи и противпожарните возила подлежат на вршење едногодишни или периодични технички прегледи и осигурување од незгода. Заради тоа потребно е да одобрат наведените средства.

**- хигиенски материјали 30.000 денари**

За нормално функционирање и одржување на хигиената во ТППЕ Охрид потребно е да се одобрат наведените средства за набавка на сите видови хигиенски материјали потребни за таа намена.

**- канцелариски и административни трошоци 30.000 денари**

За нормално извршување на административните работи и евиденција на сите настани во текот на годината во ТППЕ Охрид се користи книги за дежурства, книги за евиденција на пожари, пријави за пожари, листи за известување од пожар, компјутерски материјали и друго, за што е потребно да се одобрат наведените средства.

**2. Материјали и ситен инвентар 4.500.000 денари**

**Заштитна опрема на пожарникарите: 4.500.000 денари**

**- работна униформа: (40 комплети) 1.500.000 денари**

Согласно Правилникот за видот и изгледот на униформата (СВРМ бр. 166 од 09.08.2019 г.) работната униформа на пожарникарите се состои од: зимска јакна, кратка блуза, поло блуза со долги ракави, кошула со долги ракави, панталопни зимски и летни, поло маица со кратки ракави, дводелен комплет за дожд, ремен за пантолони, летна безбол капа, зимска капа, беретки, зимски ракавици, камашни за снег, чевли со повишена сара – зимски и летни чевли. Работната униформа е лична. Наведената работна униформа пожарникарите ги следува на секои 2 години. Последната набавка на работната униформа (некомплетно) е извршена во месец февруари 2020 година без набавка на летни и зимски чевли.

**- заштитно одело за шумски пожари и интервенции: (40 комплети)**
**1.200.000 денари**

Заштитното одело за шумски пожари и технички интервенции се состои од:
Јакна, панталони кои можат да се комбинираат како комбинезон со јакната, ракавици, чизми, шлем за шумски пожари и технички интервенции и заштитни очила. Треба да се набават комплет одела.

**- интервенциско ПП одело: (40 комплети) 500.000 денари**

Интервенциското ПП одело се состои од: јакна, панталони, интервенциски ракавици, шлем за интервенции и инетрвециска поткапа. Треба да се набават следните материјали: интервенциски ракавици 40 пара, интервенциска поткапа 40 парчиња.

**- чизми за шумски пожари и технички интервенции:(40 пара)**
**500.000 денари**

**- од делот на работна униформа потребно е да се набават: летни чевли, зимски чевли и гумени чизми. 800.000 денари**

Поради тоа што обувките како набавка одат посебно од комплетните униформи за пожарникарите за комплетирање на заштитното одело за шумски пожари и технички интервенции потребно е да се набават наведената количина обувки:

- летни чевли (36 пара);
- зимски чевли (36 пара);
- гумени чизми (50 пара)

За овие материјали објавен е и реализиран тендер за јавна набавка на крајот на октомври 2021 година. Постапката за реализација – нарачка за изработка и доставување на наведените материјали се во тек. Од тие причини реализацијата и фактурирањето за наплката на овие материјали че биде во 2022 година. Зарди претходното потребно е да се планиураат и одобрат горенаведените финансиски средства во висина од 800.000 денари за наплата во 2022 година.

**3. Поправки и тековно одржување 1.000.000 денари**

**- поправки и сервисирање на противпожарните и други возила во ТППЕ Охрид 700.000 денари**

Со оглед на начинот на експлоатација на протипожарните возила и нивната старост на поголениот број од возилата, кај истите почесто се појавуваат дефекти. Заради нормално одржување на возилата во исправна состојба и функција за секојдневна употреба во секој момент при појава на пожар, технички и други интервенции потребно е да се одобрат бараните средства.

**- поправки и одржување на друга ПП опрема 300.000 денари**

Во оваа ставка бараните средства се за поправка, сервисирање и одржување во функционална употреба на моторните пумпи, ел. пумпи, агрегати за ел. енергија, моторни пили, пила за сечење бетон и железо, хидрауличен алат за развалување и сечење, пеногенератот, сервисирање и полнење на ПП апарати, доградба и надградба на одредени делови на ПП возилата (резервоари, монтажа на пумпи и сл.), автолимарија и друго. Заради претходното потребно е да се одобрат бараните средства.

**4. Договорни услуги 300.000 денари**

**- колективно осигурување на вработените 150.000 денари**

Согласно Законот за пожарникарство, член 17, пожарникарите во ТППЕ се осигуруваат при вршење на работите.

**- систематски прегледи 150.000 денари**

Пожарникарите во ТППЕ согласно Закон задолжително се упатуваат на контролни лекарски прегледи.

**5. Капитални расходи 700.000 денари**

**- купување на колективна ПП опрема и арматура и средства за гаснење пожари 700.000 денари**

За купување на колективна ПП опрема за ТППЕ Охрид објавен е тендер и реализиран на крајот на месец октомври 2021 година. Постапката за реализација – нарачка за изработка и доставување на истите средства се во тек . Од тие причини реализација и фактурирање за наплата на овие материјали ќе биде во 2022 гподина. Заради претходното потребно е да се планираа и одобрат горенаведените финансиски средства.

**6. Поправки и тековно одржување на објектот 700.000 денари**

**- Внатрешна и надворешна ПВЦ столарија 400.000 денари**

На противпожарниот дом, на работните, гаражни и други простории поставена е дрвена надворешна столарија (врати и прозори). Истата е оштетена, амортизирана и поставена од денот кога е изграден ПП дом во 1953 година и истата е дотраена. Заради тоа и заради создавање функционални услови за одржување и извршување на работните обвски на вработените потребна е наведената столарија да се промени.

**- Зидарофасадерски работи и молерај 300.000 денари**

Заради староста на објектот ПП дом потребно е санирање на одредени оштетувања на објектот и комплетно варосување на истиот и средување на санитарните простории и просторијата кујна со промена на зидни и подни плочки, од причини што постоечките се оштетени, одлепени и нехигиенски за одржување.

**7. Купување на други моторни возила 1.500.000 денари**

**- теренско возило 4х4 1.500.000 денари**

За потреба при гаснење на пожари, вршење на технички и други интервецнии и заради транспорт на работници при сите овие потреби ТППЕ Охрид нема никакво патничко или теренско возило за овие потреби. Заради тоа бараме да се одобрат наведените средства за набавка на ново теренско возило за потребите на ТППЕ Охрид.

**Вкупно за потребите на ТППЕ Охрид согласно наведените ставки, од буџетот на Општина Охрид за 2022 година потребно е да се одобрат 9.310.000 денари.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021** **Претседател**
**Охрид** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за заштита на животната средина и природата за 2022 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/78** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина(„Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13,42/14,44/15, 129/15, 39/16 и 99/18), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА ЗА 2022 ГОДИНА**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сѐ поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната

закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2022 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај, улици и урбанизам во наредниот период, подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата.Еден од посериозните проблеми во Охрид во летниот период претставува бучавата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи на заедницата. Во рамките на тие активности подготвен е **ЛЕАП 2019 - 2025**, и дефинирани се стратешките цели и приоритети, кои беа усвоени од страна на Советот на Општина Охрид. Воедно, подготовката на програмата е согласно насоките на ЕУ за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.

## СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко - системите и квалитетот на животот ;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и

- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената нацрт - програма за заштита на животната средина и природата за 2022год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината, **според тематските области**:

1. **Заштита на водите,**
2. **Управување со отпад,**
3. **Заштита на биодиверзитетот,**
4. **Управување и користење на природните ресурси,**
5. **Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој,**
6. **Квалитет на воздухот,**
7. **Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган,**

1. **Заштита на водите**

1.1.Мониторинг на сливното подрачје на Коселска река

Потребни финансиски средства: **За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 900.000,00 денари.**

*Образложение*: Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 123/12, 147/13, 163/13, 156/15, 63/16 и 31/20)предвидува одлагање на депониите на начин на кој се спречува загадување на почвата и водата , што вклучува поставување на дренажен слој за безбедно собирање на депониската процедна вода која мора адекватно да се третира пред нејзиното испуштање.

Досегашниот систем на управување со отпадот во последните децении резултира со отпад кој се одлага на несоодветен начин, што доведува до тоа голем број на полутанти да доспеваат до површинските и подземните води и ги загадуваат. Исто така и несоодветниот третман на комуналниот отпад без негово покривање, доведува до негово расфрлање по коритото на реката. На тоа треба да се надоврзат и дивите депонии по коритото на реката кои се формирани од несовесни граѓани. Кога се има предвид дека Коселска река е главен извор за наводнување на голем дел на земјоделски површини, а во исто време и е дел од сливот на Охридското Езеро, голема е потребата од утврдување на влијанието на исцедокот врз квалитетот на водата и почвата, како и идентификација на загадувачите на реката и мапирање на дивите депонии.

**2. Управување со отпад**

**2.1.Поставување на садови за отпад за рециклирање на отпад**

**2.1.1.Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид**

**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 1.000.000,00 денари**

*Образложение:* Согласно Законот за управување со отпад и Регионалниот план за управување со отпад во Југозападен регион, Општина Охрид е должна да реализира проекти и презема инвестициони зафати заодобрување на општата состојба со управув ањето со отпадот. Општина Охрид со овој проект ќе доделува канта од 120л на домаќинства во општина Охрид.Овој проект се предвидува да трае повеќе години и секоја година ќе биде избран одреден опфат каде во рамките на неделата на животна средина ќе им бидат доделени кантите на избраните домаќинства

**2.2.Зајакнување на капацитетите за мониторинг на генериран отпад**
**2.2.1. Подготовка на мапа на локации на постојни и нови садови за отпад**

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**
*Обраложение:* За транспарентен начин на информирање на граѓаните за поставеноста на садовите за собирање на комунален отпад и рециклабилен отпад, потребно е да се изготви мапа на нивни локации. Тоа ќе допринесе до намалување на појавата од депонирање на отпад на несоодветни локации, со што се намалуваат трошоците на јавното претпријатие за чистење и депонирање на отпадот од дивите депонии. Локациите ќе бидат мапирани во рамки на ГИС платформата.

**2.2.2. Чистење на Охридско езеро од цврст отпад**
**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 300.000,00 денари**
*Обраложение:* Активностите за справување со цврст отпад се од суштинско значење за заштита на животната средина и градење поздрава иднина, посебно на Охридското Езеро и крајбрежието, затоа што така се потврдувааат стратешките определби за Охрид како светско културно и природно наследство. Согласно претходно изготвена мапа на загаденост на Охридското Езеро со цврст отпад, потребно е да се изврши негово системско подигање од дното на езерото и негово адекватно транспортирање и депонирање.
**3. Заштита на биодиверзитетот**
**3.1.План за управување со Студенчишко Блато – парк на природата**
**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**
Образложение: Согласно законот за заштита на природата (Сл.весник на РМ бр.67/04,14/06,84/07,35/10,47/11,148/11,59/12,13/13,163/13,41/14,146/15 и 39/16) и врз основа на изработената Студија за валоризација на Студенчишко Блато во која е предложено Општина Охрид да го има управувачкото право со заштитеното подрачје парк на природата –Студенчишко Блато потребно е Општина Охрид да изработи План за управување парк на природата –Студенчишко Блато. До прогласување на заштитено подрачје и носењето на закон во врска со прогласувањето, ќе се изврши подготовка на претходна документација: тендерска документација, техничка спецификација и техничка документација.

**4. Управување и користење на природните ресурси**

**4.1. Набавка на хардвер и софтвер за создавање на ГИС платформа**

**Потребни финансиски средства : За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 500.000,00 денари.**

*Образложение*: за полесно управување со активностите на Општина Охрид , а особено со квалитетот на животната средина, неопходно е создавање на база на просторно нумерички податоци за сите чинители на животната средина .
Во рамките на ГИС платформата ке се мапираат и податоците од сите активности на секторот: Зелен катастар, Регистар на подземни контејнери и садови за собирање на отпад и рециклажа, Катастар на загадувачи , издадени интегрирани Б-ИЕД , издадени решенија за елаборати за животна средина и останати активности кои ќе се реализираат во наредниот период. Како би можело сите податоци мапирани во ГИС платформата бидат јавно достапни на граѓаните, потребна е набавка на соодветен хардвер и софтвер. Исто така ќе можат да се изработуваат промотивни видеа за тековните еколошки проблеми и влијанијата врз биодиверзитетот, со кои преку социјалните мрежи ќе се влијае на подигнувањето на свеста на граѓаните и ќе се поттикнуваат нови еколошки проекти.

**4.2. Изработка на Зелен катастар на подрачјето на општина Охрид во рамките на опфатот на Генералниот урбанистички план II Фаза**

**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 600.000,00денари**

Образложение: Општината согласно член 5 и член 32 од Законот за урбано зеленило (Сл.весник на Р.М бр. 11/18) за постигнување на повисок степен на заштита и унапредување на јавните површини со помош на обезбедување на просторни податоци за обемот и видот на зеленилото, се изработува Катастар на зеленило со оглед на фактот дека зеленилото придонесува за намалување и адаптирање на климатските промени. Исто така ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото во функција на урбаното планирање, а со цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели .

**4.3. Стратегија за развој на зеленилото на Општина Охрид**

**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 600.000,00 денари .**

Согласно член 12 од Законот за урбано зеленило Општината подготвува и предлага до советот на единицата на локална самоуправа Стратегија за развој на зеленилото, заради креирање на плански решенија во делот на зеленилото при изработка на сите планови и проекти и ја следи неговата реализација во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило.

**5.Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој**

**5.1. Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)**

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

*Образложение*: Селектирањето на употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на неговото создавање допринесува за квалитетот на урбаното живеење, намалување на вкупните количини на отпад, носи економско – финансиски придобивки и исто така ја зголемува свеста и одговорноста на креаторите и давателите на услуги. Основната цел е да се издвојат употребливите состојки на комуналниот отпад на местото на негово создавање. Со адекватна едукација на граѓаните за примарна селекција и рециклирање, пред сè на најмладата популација, односно со организирање на работилници за начини на користење на рециклабилни материјали во креативното изразување, ќе се зголеми свеста за поголема заштита на животната средина

**5.2. „Цветни балкони- цветен Охрид“**
**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 100.000,00 денари .**
*Образложение*: Овој проект неколку години station наназад традиционално се реализира на територијата на општина Охрид и е многу добро прифатен од страна на граѓаните.Целта е подигање на свеста на граѓаните за потребата од одгледување цвеќиња во сопствените дворови и на балконите, што ќе придонесе за целокупната слика на Охрид како цветен град и ќе има позитивно влијание на целокупната туристичка понуда на градот.
Проектот опфаќа делење на саксиско цвеќе на жителите на претходно утврден опфат, на дел од градот кој е различен секоја година.

**5.3. Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември (ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)**
**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 30.000,00денари**
*Образложение*: На почетокот на школската година во соработка со охридските основни училишта Општина Охрид објавува ликовен и литературен конкурс на зададена тема на која учениците испраќаат свои литературни творби, ликовни творби и инсталации од рециклирачки материјали.

**5.4.Поставување на информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот во општина Охрид**
**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 150.000,00 денари**
Образложение : Чинарите и кочеџикот во централното градско подрачје со РЕШЕНИЕ од страна на МЖСПП се заштитени како природна реткост потребно е да се постават информативни табли пред заштитените стебла.

**<u>6.Квалитет на воздухот</u>**

**6.1.Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2022година.**

**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 1.000.000,00денари**
Образложение: Општина Охрид го спроведува пилот проектот за ефикасно користење на новите технологии за чист атмосферски воздух во рамките на кои се поставени 11 сензори на јавни институции и 15 филтри на оџаците на домаќинствата кои како

енергенс за загревање на своите домови користат цврст енергенс.Покрај тоа Општина Охрид како најголем туристички центар во РСМ превзема мерки против загадувањето на амбиентниот воздух со субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување – набавка на инвертер клими за 2022 година.

**6.2.Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на абиентниот воздух во општина Охрид**

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

*Образложение*: Во текот на декември во 2019год. стартуваа податоците од ЕУ проектот AIRTHINGS за следење на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид поставени се единаесет станични сензори и се следат пет еколошки параметри. Оваа платформа не е дел од државната мониторинг мрежа на МЖСПП ниту дел од било која мрежа, истата е самостојна и креирана во рамки на ЕУ проектот AIRTHINGS. По завршување на проектот станичните сензори остануваат во владение на општина Охрид, и после потпишување на договорот за примопредавање ќе се предвидат средства за нивно годишно одржување.

**7. Законски процедури кои Општина Охрид ги спроведува како надлежен орган**

**Оценка на влијанија врз животната средина**

**7.1. Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи**

**Потребни финансиски средства: За 2022 година се предвидени финансиски средства во висина од 700.000,00 денари.**

*Образложение:* Членот 65 од Законот за животна средина предвидува изготвување Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, Националниот акционен план за животна средина, локалните акциони планови за животна средина и др.стратегиски, плански и програмски документи. Членот 76 предвидува изготвување Оцена на влијанија врз животната средина за проектите кои поради нивниот карактер, обем или локацијата на која се изведуваат, можат да имаат значително влијание врз животната средина.

**7.2.Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина**

**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**

*Образложение*: Општина Охрид согласно одредбите од чл.95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура

Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува овластениот

инспектор за животна средина. Инсталациите на територијата на општината плаќаат годишен надоместок за поседување на Б- Интегрирана еколошка дозвола.

**7.3.Одобрување на елаборати за заштита на животната средина**
**Потребни финансиски средства: За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.**
*Образложение*: Согласно обврската од чл.24 од Законот за животна средина, Општина Охрид е надлежна за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои се наброени во „Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на Град Скопје и градоначалникот на општините во Градот Скопје“. Постапката отпочнува со разработка на доставениот елаборат за заштита на животната средина, се изготвуваат забелешки за елаборатот, по што следува достава на коригиран елаборат , се изготвува решение за одобрување, кое го потпишува градоначалникот на Општина Охрид.

**ВКУПЕН БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА ИЗНЕСУВА : 5.880.000,00 денари**

**КАДРОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРОГРАМАТА**
Активностите во оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид. Надлежен за изработка и спроведување на активностите по оваа програма е Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад .

**ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА**

Динамиката за извршување на активностите по оваа програма пред сѐ зависи од реалното подготвување на истата. Реализацијата на програмата во делот на одбележување на значајни денови на екологијата се одвива согласно календарот за одбележување на тие денови .
Динамиката за реализирање на програмата во делот за спроведување на законските обврски се одвива во текот на целата година согласно потребите.

Рекапитулар за Нацрт Програма Р1

| Бр | Мерка | Активност | Износ - Планирано | Одговорен | Период за имплемент |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Заштита на води** | | | | | |
| 1 | Континуиран мониторинг на квалитетот на површинските води кои се влеваат во Охридското езеро | 1.1. Мониторинг на сливно подрачје на Коселска река | 900,000.00 | Одд.за управување со отпад | октомври 2022 |
| | Вкупно 1 | | **900,000.00** | | |
| **2. Управување со отпад** | | | | | |
| 2 | 2.1 Поставување на садови за отпад за рециклирање на отпад | 2.1.1 Набавка и доделување на пластични канти од 120л за селекција на отпад на домаќинства во општина Охрид | 1,000,000.00 | Одд.за управување со отпад | септември 2022 |
| | 2.2 Зајакнување на капацитетите за мониторинг на генериран отпад | 2.2.1 Подготовка на мапа на локации на постојни и нови садови за отпад | не се потребни финансиски средства | Одд.за управување со отпад | после изготвување на ГИС платформа |
| | | 2.2.2 Чистење на Охридско езеро од цврст отпад | 300,000.00 | Одд.за управување со отпад | јуни 2022 |
| | Вкупно 2 | | **1,300,000.00** | | |
| **3. Заштита на биодиверзитет** | | | | | |
| 3 | Ревитализација на Студенчишко Блато | 3.1. План за управување со Студенчишко Блато - парк на природа | Подготовка на претходна документација: тендерска документација - техничка спецификација - техничка документација | Одд.за животна средина | По донесување на Закон |
| | Вкупно 3 | | **0.00** | | |
| **4. Управување и користење на природни ресурси** | | | | | |
| 4 | Зголемување на процентот на зелени површини во општината | 4.1.Набавка на хардвер и софтвер за создавање на ГИС платформа | 500,000.00 | Одд.за управување со отпад | март 2022 |
| | | Изработка на зелен катастар II - ра фаза | 600,000.00 | Одд.за управување со отпад | март 2022 |
| | | 4.3 Стратегија за развој на зеленило | 600,000.00 | Одд.за управување со отпад | септември 2022 |
| | Вкупно 4 | | **1,700,000.00** | | |
| **5. Подигање на јавната свест** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Јакнење на јавната свест за идентификување на проблемите во животната средина и справувањ со истите | 5.1.Одбележување на светскиот ден на животна средина - 5-ти јуни (Организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата од селектирање на отпадот) | не се потребни финансиски средства | Одд.за управување со отпад | мај 2022 |
| | | 5.2 Цветни балкони - цветен Охрид | 100,000.00 | Одд.за животна средина | мај 2022 |
| | | 5.3 Есенска рамноденица (ликовен и литературен конкурс со охридски училишта) | 30,000.00 | Одд.за животна средина | септември 2022 |
| | | 5.4 Поставување на информативни табли пред заштитените чинари и кочеџикот | 150,000.00 | Одд.за животна средина | мај 2022 |
| | Вкупно 5 | | **280,000.00** | | |
| **6. Подобрување на квалитет на медиуми во животната средина** | | | | | |
| 6 | Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух | 6.1 Субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување (инвертер клими) | 1,000,000.00 | Одд.за животна средина | април 2022 |
| | | 6.2 Одржување на станични сензори за следење на квалитетот на амбиентниот воздух | Ќе се предвидат финансиски средства кога општина Охрид ќе ги добие станичните сензори во владение од страна на ДИЖС | Одд.за животна средина | По прием на владение |
| | Вкупно 6 | | **1,000,000.00** | | |
| **7. Законски процедури** | | | | | |
| 7 | Согласно Закон за животна средина | 7.1 Услуга за изработка на стратегиска оцена на влијание врз ЖС на плански документи | 700,000.00 | Одд.за животна средина | |
| | | 7.2 Издавање Б дозволи | не се потребни финансиски средства | Одд.за животна средина | |
| | | 7.3 Одобрување на елаборати за ЖС | не се потребни финансиски средства | Одд.за животна средина | |
| | Вкупно 7 | | **700,000.00** | | |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2022 | **5,880,000.00** | | |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/7**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за спорт и рекреација за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/79** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа начлен 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА**
**за 2022 година**

Програмата за активностите во областа на спортот и рекреацијата во Општина Охрид за 2022 година е направена врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа ,Законот за спорт и други подзаконски акти.
*Јавниот интерес на спортот е:*

- Поттикнување на спортските активности на децата и младината во рамките на федерациите;
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари;
- Поттикнување на реализирањето на програмите на спортските федерации;
- Поттикнување и помагање на организирањето на спортски приредби и манифестации;
- Одржување,функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт од јавен интерес на граѓаните на Општина Охрид и пошироко;
- Развој на масовниот спорт и рекреативните активности на граѓаните опфатени во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови,училишен спорт,спорт за сите и особено спортско рекреативни активности на лица со посебни потреби;
- Организирање на спортски приредби и манифестации,поддржување на систем на натпревари на општинско ниво,регионално ниво,републичко ниво,

поддржување на традиционални спортски манифестации од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот спорт,манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби како и масовните спортско-рекреативни активности на граѓаните,

- Класифицирање на спортските објекти,организирано користење на истите,опремување на рекреативни зони за масовно спортување;
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови регистрирани на подрачјето на Општина Охрид,
- Поддршка на општинските спортски сојузи како највисока форма на организирање на спортските клубови на подрачјето на Општината Охрид .
- Програмите се финансираат од буџетот на Општина Охрид,донации,спонзорства а за исполнување на програмите и утврдените рокови поднесуваат извештај до Општина Охрид .

*ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Главни цели на програмата ЛО Спорт и рекреација е афирмирање на Општина Охрид како општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт,спортско-рекреативни активностикако и развој на спортскиот туризам.

Општината Охрид преку својата организациона поставеност во областа на спортот ќе придонесе за зголемен опфат на младите во спортот. Општината постојано ќе се грижи за позитивно насочување на своите граѓани. Реализацијата на програмите од областа на спортот и рекреацијата сигурно дека ќе придонесе за подигнувањето на квалитетот на живеење на граѓаните од сите социјални структури како и подршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби.

Преку организираните системи на натпревари и други спортски манифестации ќе се создадат услови за настапи во општината во земјата и странство.

Општината Охрид преку поддршка на спортските настани секогаш ќе придонесува за популаризација на спортот и достојно репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

*МЕТОДОЛОГИЈА*

Спортските натпревари и манифестации ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.Спортски манифестации организираат и други правни и физички лица што вршат дејност спорт, под услови утврдени со Законот за спорт .

Програмата ЛО Спорт ирекреација се состои од активности за :

- Поддршка и развој на предучилишен и училишен спорт, реализирање спортски активности и систем на натпревари на учениците.
- Поддршка и унапредување на спортот,спортските клубови од Општина Охрид.
- Поддршка на рекреативни активности на граѓаните и рекреативни активности на лица со посебни потреби.
- Поддршка на традиционални манифестации и манифестации од особен интерес за Општина Охрид.
- Поддршка на програми и проекти на останати спопртски организации од интерес на Општина Охрид.
- Подршка на спортисти во индивидуалните спортови кои имаат високи достигнувања на државно и мегународно ниво.

Вреднувањето на програмите ќе се одредува врз основа на :

- Остварени спортски резултати во зависност од рангот на натпревари на клубот,поединци на клубови со остварен висок пласман .
- Број на учесници во активностите или манифестации (увид од програмите или проектите)
- Манифестацијата да е во календарот на спортската асоцијација со утврден статус и категорија на натпреварот .

*СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ*

- ***Традиционални манифестации***
- Општината Охрид ќе партиципира во традиционалните спортски приредби и манифестации од локален,регионален, национален и меѓународен карактер со цел зачувување на континуитетот на манифестациите за кои има интерес од граѓаните, а се е во интерес на развојот на спортот во општината како и придонесуваат во развојот на спортскиот турзизам.
- ***Манифестации од особен интерес***

Општина Охрид преку поддршка на вакви спортски настани ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентирање и промоција на можностите и потенцијалите на општината .

- ***Хуманитарни акции***

Општина Охрид ќе организира хуманитарни акции со субјекти од областа спорт .

- ***Крводарителски акции***

Спортистите доброволно донираат крв на крводарителски акции .

- ***Стоп на пороците***

Општина Охрид како организатор или коорганизатор ќе организира едукативни трибини за информираност и подигнување на свеста кај младите .

- ***Спорт за сите***

Општина Охрид ќе поддржува програми и проекти за масовен рекреативен спортна граѓаните од општината бидејќи рекреативниот спорт треба да му овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби можности активно вклучување во спортскиот живот во општината .

Активностите во областа на спортот Општина Охрид ќе ги насочи кон поттикнување,подржување и помагање за остварувањето на целите на оваа Програма за 2022 година со средства предвидени во висина од **29.200.000,00** денари.

| **42 Стоки и услуги** | **Активност** | **Образложение** | |
|---|---|---|---|
| Изнајмување на друг тип на простор<br><br>**Јануари-Декември** | Изнајмување спортски објекти на ЈП „Билјанини Извори“ | Непречено и организирано користење на расположивите спортски објекти од страна на клубови,училишта, поединци, здруженија и др. субјекти со создавање услови за спортување за сите генерации. Организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности, посебно со поддршка на талентирани спортисти и проекти што значат унапредување на спортот во Општина Охрид. | **4.200.000,00** |
| **46 Субвенции итрансфери** | **Активност** | **Образложение** | |
| Трансфери до спортски клубови<br><br>**Јануари-Декември** | Трансфери кон спортски клубови | Основната цел е поддржувањето на организираните активности за развој и унапредување на масовниот спорт и рекреактивниот спорт како и клубските натпревари и натпревари по принципот спорт за сите.Со оваа програма ќе се обезбеди финансиска поддршка на спортските клубови и школи во општина Охрид. | **18.000.000,00** |
| Други трансфери<br><br>**Јануари-Декември** | -Во други трансфери влегуваподдршка за:<br>-Спортски манифестации/настани,проекти од областа на спортот<br>-Клубови за подводни дејности<br>-Училишен спорт<br>-Традиционални турнири<br>- Награди и признанија за најдобрите спортисти<br>-Активности на лицата за посебни потреби и пензионери | -Поддршка за учество во училишните спортски системи на активности и натпревари на Сојузот на училиштен спортОхрид,како и подршка на проекти кои ,ќе значат унаредување на наставата по физичко и здраствено образование и спорт.<br>-Подршка на спортските здруженија и клубови кои допринесуваат за развојот на подводните спортови,ја развиваат свеста кај населението за здрава животна околина и со својата работа активно учествуваат за развојот на спортскиот туризам.<br>-Финансиска подршка за спортски манифестации,настани и проекти кој со нивната реализација ќе допринесат за популаризација на спортот,подигнување на свеста за здрав начин на живот,масовност но истовремено можност за достигнување на врвни спортски резултати.Нивната подршка и одржување допринесува за промоција на општина Охрид како препознатлива спортско туристичка дестинација во земјата и светот.<br>.<br>-Подршка за спортско рекреативните активности за лица со посебни потреби и пензионерите,како и подршка за традиционални спортски натпревари при што играта секогаш ќе биде над резултатот.Реализацијата ќе значи можност за социјализација на сите учесници независно од нивната возраст,пол или етничка структура. | **3.298.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Подршка за спортисти во индивидуалните спортови кои имаат врвни достигнувања на национално и меѓународно ниво. | |
| **Февруари-Декември** | - Проект за унапредување на наставата по ФЗО и Спорт во IV и V одделение во основните училишта во Општина Охрид | - Правилен раст и развој кај учениците од четврто и петто одделение во основните училишта во Општиа Охрид<br>Реализација,Сојуз за училишен спорт-Охрид | **802.000,00** |
| **Јануари-Декември** | Училишни спортски лиги за основни и средни училишта | Во насока на унапредување на училишниот спорт општината ќе финансира програми,проекти и спортски активности на учениците од основните и средните училишта од општина Охрид.<br>Училиштето има обврска да води грижа и за здравјето на учениците со овозможување правилен физички развој, во современи услови,како и создавање здравствена култура. Поради сето ова се помага училишниот спорт,се развива и организира при што учениците кои имаат афинитет и желба побрзо избираат сакан спорт под стручна контрола и организација.Воедно се создава еднаквост на правата за физичката активност на сите деца без оглед на нивните предиспозиции. | **300.000,00** |
| **Јануари-Декември** | -Меморијален турнир во ракомет „Крсте Андоновски – Усташ” | -Прв меморијален турнир во ракомет под покровителство на градоначалникот на општина Охрид, а во организација на ГРК Охрид. | **300.000,00** |
| **Јануари-Декември** | -Турнир во фудбал за млади категории„Охридски надежи’’ | -Прв турнир во фудбал за млади категории во кој ќе земат учество сите фудбалски школи во општина Охрид.Турнирот ќе биде под покровителство на градоначалникот на општина Охрид. | **100.000,00** |
| **Јануари-Февруари** | Спортска манифестација Избор на спортист/ка | -Избор на спортист/ка,спортски работник на годината во општина Охрид. | **200.000,00** |

**Капитални расходи**

| | **Активност** | **Образложение** | |
|---|---|---|---|
| **зградба на други објекти** | Покривање на 1 игралиште за тенис со ПВЦ покрив на ЈП.Билјанини извори | Зголемување на спортските капацитети и подобрување на условите за спортски активности, преку цела година<br>- ЈП Билјанини извори треба да достави техничка документација до општина Охрид | **2.000.000,00** |

**ВКУПНО : 29.200.000,00**

**Напомена: Распределбата на средствата во програмата за Спорт и Рекреација за 2022 година за програма ЛО ќе се реализира со јавен повик за субвенционирање на трошоците за користење на спортските терени на ЈП,,Билјанини извори”-Охрид и јавен повик за распоредување на буџетски средстваод програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за финасирање програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани, проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортот.**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број08-13561/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021од.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

**Развојна програма за спорт и рекреација 2022-2024 година**

Со средства од општина Охрид се предвидува заворање со ПВЦ на еден од постоечките тениски терени(балон сала) кој што се наоѓа во склоп на ЈП Билјанини извори.На овај начин се подобруваат условите за тренинг и натпревари на тениските клубови преку целата година,поголема можност за рекреирање на граѓаните,но и поголема понуда на јавното претпријатие за развојот на спортскиот туризам.
Средства за оваа намена се обезбедуваат преку програмата за Спорт и рекреација ЛА капитални расходи 2022-2024 година во вредност од 6.000.000,00 денари.
Во програмата за Спорт и рекреација за 2022 година ЛА капитални расходи обезбедени се 2.000.000,00 денари.
Техничката документација за отпочнување на постапката за објавување на постапката за затворање на еден тениски терен треба да ја обезбеди ЈП Билјанини извори.

| **48 Капитални расходи** | **Активност** | **Образложение** | |
|---|---|---|---|
| **482920**<br>**Изградба на други објекти** | Затворање на 1 игралиште за тенис со ПВЦ на ЈП.Билјанини извори(балон сала) | Зголемување на спортските капацитети и подобрување на условите за спортски активности, преку цела година<br>- ЈП Билјанини извори треба да достави техничка документација до општина Охрид | **6.000.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за млади и невладини организации за 2022 годин, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/80** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2022 ГОДИНА**

***Воведни напомени***

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на градот. Програмата за млади и невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водич и гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

**Поддршка на млади и младински политики**

***1. Проект: Младински центар Охрид***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Предвидени средства за трансфер до младинската организација која ќе го координира Младинскиот центар | 1.200.000,00 |
| ***Вкупно*** | ***1.200.000,00 денари*** |

***2. Проект: Локален младински совет***

Со цел непречено функционирање на Локалниот младински совет и негово понатамошно активно делување, општината се обрзува да издвои средства потребни за реализација на годишната програма на Локалниот младински совет.Локалниот младински совет до службите ја достави својата програма во која се предвидени неколку предлог проекти со кои се таргетира младото население на територија на Општина Охрид и чија цел е поголема вклученост на младинската популација во општествените процеси.

*Во прилог ја доставуваме програмата на Локалниот младински совет на Општина Охрид:*

**1. ПРОЕКТ - Професионализација и јакнење на капацитетот на Советот на млади на Општина Охрид за раководење со процесите и подобрување на стандардите на младите, нивна интеграција во процесот, таргетирање на проблемите на младите на ниво на целата општина и зајакнување на младинската информираност.**

Со оглед на тоа дека наредната година ќе биде прва во која Советот на млади ќе започне и ќе може да ја претстави својата работа, работиме во насока на наша професионализација и јакнење на капацитетот. За видливи и остварливи резултати треба да се вклучат сите заинтересирани млади со идеи како да ги подобриме стандардите на младите, мапирање и таргетирање на клучните проблеми и потреби во секојдневното живеење. Тоа планираме да го направиме најпрво со анкети, организирање на трибини, работилници, дебатни клубови кои ќе бидат од големо значење за интеграција во процесот кој ние ќе го водиме. Истото се однесува и на подобрување младинската информираност за да се искорени пасивноста на младите, со која иницијатива ќе си го подобрат сопствениот живот. Во насока на претставување на работата на Советот на млади, да биде достапна до секој еден

заинтересиран ќе се изработи веб-страна, лого на Советот на млади и промоција на социјалните мрежи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| **Ставка** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Анкети, канцелариски материјали, флип чарт, проектор, видео бим | 60,000.00 |
| Трибини, работилници, дебатни клубови, кариерно советување | 40,000.00 |
| Веб страна, изработка на лого и социјални мрежи | 40,000.00 |
| Банер, пулт, беџови, стикери, маици | 40,000.00 |
| Фото+видео документација | 12,000.00 |
| **Вкупно:** | **192,000.00** |

**4. ПРОЕКТ - Урбана уметност – да се стави крај на уништувањето на фасадите и ѕидовите на различни објекти и живеалишта, со процес на претворање на истите во уметнички дела со мотиви каракеристични за објектот или средината на живеење.**
Мапирање на места каде ќе можат да се нацртаат муралите и уметничките дела.
Одредување теми поврзано со градот и местото каде ќе се изведуваат.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Охрид

| **Ставка** | **Износ во денари** |
|---|---|
| Бои за ѕидови и пипсови | 50,000.00 |
| Шаблони и реквизити | 58,000.00 |
| Фото+видео документација | 12,000.00 |
| **Вкупно:** | **120,000.00** |

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| ***Ставка*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Средства потребни за функционирање на Локалниот младински совет согласно годишната програма доставена од нивна страна | 312.000,00 |

***Потребни средства за реализација на делот од програмата наменет за поддршка на млади и младински политики***

| ***Извор на финансирање*** | ***Износ во денари*** |
|---|---|
| Буџет на општина Охрид | 1.512.000,00 денари |
| **Вкупно** | **1.512.000,00 денари** |

**Поддршка на невладини организации**

***1. Учество во проектот ReLOAD2***

Општина Охрид од оваа година активно ќе учествува во проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандумот за разбирање помеѓу двете инволвирани страни. Проектот има за цел поттикнување на локалните власти да го користат јавното финансирање за граѓанските организации на транспарентен и развојно ориентиран начин, препознавајќи ги локалните потреби. Преку овој проект исто така ќе се промовира младинскиот ангажман и ќе се поддржи спроведувањето на младинските иницијативи за подобрување на нивните перспективи.
Согласно потпишаниот меморандум, Општина Охрид се обврзува да издвои средства од општинскиот буџет во висина од 25% од вкупниот одобрен буџет на проектот. Средствата ќе бидат наменети за кофинансирање на проектите на граѓанските организации кои ќе бидат избрани преку јавни повици организирани во рамки на самиот проект.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за кофинансирање на проектите на ГО во рамките на проектот ReLOaD2 | 600.000,00 |

***2. Дводневна обука на членовите на Локалниот Совет на млади, Локалното Собрание на млади, како и на пошироката јавност со цел запознавање со можностите за користење на средства од национални и меѓународни донатори***

Оваа активност предвидува одржување на дводневна обука преку која младите лица ќе имаат можност да се стекнат со знаења за целокупниот проектен циклус, вклучувајќи ги можностите за добивање на информации за активни повици за проектни идеи објавени од домашни и меѓународни донатори, изготвување на проектна апликација, аплицирање на истата и имплементација на одобрените проектни активности. Обуките предвидено е да ја истакнат и важноста и предноста од вмрежување и воспоставување на партнерства во насока на зајакнување на капацитетите на здруженијата на граѓани. Еден од резултатите на обуката е издвојување на проекна идеја која ќе биде оценета како приоритетна од страна на Локалниот Совет на млади, Локалното Собрание на млади и останатите учесници на обуката, како и изготвување на проектна апликација која би била подобна за аплицирање пред национални или меѓународни донатори. Во рамки на обуката учесниците ќе имаат можност да се запознаат со предностите кои ги нуди лод методологијата која активно се применува во земјите од западен Балкан, вклучувајќи ја и Македонија. Општина Охрид како активен учесник во имплементацијата на проектот ReLOaD 2 во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD 2), финансиран од Европската унија, од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП во рамки на оваа обука ќе ги запознае учесниците на истата со предностите од примената на оваа методологија.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за организирање обука преку која младите ќе се стекнат со знаења за целокупниот проектен циклус | 120.000,00 |

***3. Едуативна обука преку која ќе се детектираат факторите на ризик кои придонесуваат за пред-деликвентно и пред-криминално однесување кај адолесцентите, утврдување на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите и предлози за подобрување на функционалноста на системот***

Деликвентното однесување меѓу децата е резултат на повеќе фактори на ризик, имајќи предвид дека мерките за заштита кои се традиционални се покажаа како недоволни и можат да бидат надоградени преку дополнителни активности, за спречување на малолетничката деликвенција. Целта на оваа активност е да спречиме несакани случувања во однесувањето на сите деца и да им помогнеме на децата кои од различни причини во определен период во животот, соочувајќи се со предизвиците пред кои се исправени, тешко ги контролираат своите емоции и однесување. Оваа активност предвидува одржување на работилница со цел детектирање на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите лица, утврдување на можностите за нивно институционално решавање

и добивање на адекватна помош, но и предлози за подобрување на функционалноста на системот во целост.

**Извор на финансирање: Буџет на општина Охрид**

| *Ставка* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Средства наменети за одржување работилница која има за цел детектирање на проблемите на младите и утврдување на можностите за нивно решавање | 60.000,00 |

***Потребни средства за реализација на делот од програмата наменет за поддршка на невладини организации***

| *Извор на финансирање* | *Износ во денари* |
|---|---|
| Буџет на општина Охрид | 780.000,00 денари |
| **Вкупно** | **780.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***2.292.000,00*** |
| ***Буџет на општина Охрид во денари*** | ***2.292.000,00*** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** годишната Програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образованието за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/81** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2022 ГОДИНА (Н1)

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на основното образование за 2022 година - Н1 Програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес во нормални и во вонредни услови (како што е моменталната ситуацијата предизвикана со Корона вирусот) ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на основното образование во 2022 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на оваа Програма, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Финансирањето на активностите во областа на основното образование планирани за 2022 година, ќе се финансираат од Буџетот на МОН, од Буџетот на општина Охрид, од блок дотација, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**За 2022 година во Нацрт - буџетот на општина Охрид за основно образование, предвидени се 35.526.000,00 денари (заедно со програма НА) општински средства, износот на сопствените средства на основните училишта е 4.455.190,00 денари (заедно со програма НА), блок дотацијата е 272.100.000,00 денари и 8.221.594 денари (заедно со програма НА) се обезбедени од проекти и донации.**

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (Н1 – Програма):

| | **ОПИС** | **РОК** | **НОСИТЕЛ** | **ИЗВОР НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Блок-дотации* | *Општински средства* | *Сопствени средства* | *Др.извори и(донаторски сметки)* |
| | **ПРОЕКТИ и АКТИВНОСТИ** | | | | | | |
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште

**СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/91** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14,14/14,10/19,15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО ЗА 2022 ГОДИНА**

Врз основа на член 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Охрид има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општественииот живот. За остварување на оваа цел, Општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, помеѓу останатото е должна да изработи годишен план во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со надлежните локални чинители да превзема специфични мерки за надминување на родовата нееднаквост и унапредувањето на еднаквоста меѓу мажите и жените. Во 2021 година следниве специфични мерки се предлагаат со генерална цел унапредување на родовата рамноправност во Општина Охрид и со следниве специфични цели:

Специфична цел1: Унапредување на капацитетите на општинската администрација за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџети

1. Работилница / обуки за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџети за општинска администрација.

**Носители**_______________ Општина Охрид, КЕМ, Невладини организации, UNWOMEN
**Финансии**______________________________________________20.000 денари.

2. Работилница / обуки за воведување на родов пристап во креирањето локални политики и буџети за советници во Совет на општина Охрид

**Носители**______________Општина Охрид, КЕМ, Невладини организации, UNWOMEN

**Финансии ______________________________________________20.000 денари**

Специфична цел2: Подигање на свест за родова рамноправност преку следниве мерки:

3. **Истражување на јавно мислење на граѓаните и учениците**

- Реализатор - и други институции;

**Носители** ______________ Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии**_____________________________________________180.000денари

**4. Три едукативни работилници и предавања во основните и средните училишта за родова еднаквост со вработените и учениците**

- Реализатор - и други институции;

**Носители** _________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии____________________________________________60.000 денари**

**4. Изготвување и спроведување на кампања за подеднаква поделба на товарот на домот – играј се со тато , готви со тато , чисти со тато, учи со татоинформативни материјали за родова еднаквост**

**Носители**__________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии____________________________________________180.000 денари**

**5. Зголемена свеста за превентивни здравствени прегледи и намалена ранливост на жените и мажите кон одредени заболувања.**

**Носители**__________________________Интерсекторска група за РОБ, КЕМ, Невладини организациии.

**Финансии_____________________________________________40.000 денари**

**Вкупна вредност на програмата е 500.000,00 денари.**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за енергетска ефикасност за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/92** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08 ,10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**ЗА 2022 ГОДИНА**

***Предговор***

Енергетската ефикасност (ЕЕ), во светски размери се повеќе го завзема соодветното место, пред се за ублажување на климатските промени преку подобрувања во градежниот сектор. Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена како Законска обврска и во континуитет за продолжување на проектите за објектите под надлежност на Општината.

Превземањето на мерки за енергетска ефикасност од една страна ќе ги ублажи климатските промени, а од друга страна ќе и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со континуирана тенденција на раст.

Во Општината Охрид е формирана комисија за ЕЕ, во која се вклучени стручни вработени од Секторот за комунален развој, од Секторот за Урбанизам, како и од Секторот за животна средина.

Потребата од стручни луѓе кои ќе ја следат и промовираат енергетската ефикасност ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик, подобрување на економијата на општината и што е најважно, ќе даде свој придонес кон глобалната стратегија за зачувување на Планетата.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е:

- да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува
- да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината.

За таа цел се реализира континуирана обука на тимот за енергетска ефикасност во општината кој е задолжен да следи, да развива и да се грижи за енергетската ефикасност во општината.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Изготвувањето на *Програма за* енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во државава, дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување

на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност.

**1. Општина Охрид**

Целите на Општината се фокусирани на подобрување на условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Стратегијата на Општина Охрид е да се подобри нивото на енергетска ефикасност во објектите од јавен локален карактер. Спроведувањето на истото, Општината ќе го реализира преку повеќе фази, од изработка на тригодишни програми и годишни планови до обезбедување на финансиски средства и реализација. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика.

**2. Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност**

Во почетокот на 2022 година, Општина Охрид ќе реализира постапка за јавна набавка за изработка на комплетна програма за ЕЕ на Општината, преку собирање на податоци, нивна обработка, обработка на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата има неколку основни целини:

- собирање податоци за состојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда.

Приоритетите се рангираат според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати.

**3. Сегашна енергетска состојба**

Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.

Напојувањето со електрична енергија на Општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:

* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“
* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“
* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на Општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, во текот на 2019 година, преку Комисијата за ЕЕ аплицираше и доби донација (преку Министерството за Финансии) на три фотоволтаични централи, секоја со снага од 15 кВА. Истите се поставени на три објекти од јавен карактер: на општинската зграда, како и на училиштата во Пештани и Велгошти. Од споредбените месечни табели може да се види значителна заштеда на ел. енергија.

За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти се користи нафта за греење и огревно дрво и електрична енергија во одредени случаи.

## *4. База на податоци и извор на информации*

Реализацијата на стратегијата за ЕЕ не е возможна без соодветни податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Врз основа на изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи: Административни згради, Основни и Средни училишта, Детски градинки и Улично осветление.

## *5. Инвестиции*

Во општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност, а пред се поради зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и состојбата во која се наоѓаат објектите на Општината.

Вкупните потреби предвидени за спроведување на претходната програма за енергетска ефикасност во Општина Охрид беа значително поголеми од средствата предвидени во Општинскиот буџет, односно од реализираните активности. Помал дел од тие вкупни потребни средства беа предвидени во буџетот на Општината како сопствени средства, а останатите средства за реализација на програмата беа планирани од надворешни извори.

При тоа, од слични причини, односно од потребата да годишната програма соодветствува пред се на реалните можности, се планира за следната 2022 година потребата од сопствени средства да изнесува 1.200.000 денари, а останатите средства се планира да се обезбедат од надворешни извори.

Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| Тип | Извор | предвидени средства за Енергетска Ефикасност (ден.год.) |
|---|---|---|
| 1. Сопствени средства | Општински буџет за 2022година | |
| 1.1 Изработка на тригодишна програма за ЕЕ 2022-2024 како и Годишен План за ЕЕ за 2022 г. | | 600.000,00 |
| .2 Изработка на физибилити студии за фотоволтаични централи за Општинските објекти | | 300.000,00 |
| .3 Изработка на физибилити студии за секундарна гасификација на објектите од Јавен карактер кај потегот Гимназија – Општина | | 300.000,00 |
| 2. Надворешни извори (капитал) | Донатори, локални банки и фондови | |
| Вкупно: | | 1.200.000,00 |

Вкупните потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот до крајот на 2022 година е 1.200.000,00 денари, исклучиво само како инвестиција за изработка на потребна документација за реализација на горенаведените Проекти, каде што учеството на Општината се сведува на:

- инвестирање во изработка на проектна документација, односно на тригодишната програма за ЕЕ 2022-2024 како и Годишен План за ЕЕ за 2022 г.
- изработка на физибилити студии за фотоцентрали и гасификација.

Секако, останува можноста (ако се јави таква потреба) за релокација на инвестициите, во рамките на предвидените средства.

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проблеми во смисла на првично трасирање на процедурата која ќе овозможи системска имплементација на потребните мерки во сите фази (носење на буџет, следење и анализа на состојбите, изработка на соодветна техничка документација, апликација, па се до реализација на Проектите).

**6.** ***Критериуми за прифатливост на проекти***

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

- Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност
- Имаат економска оправданост создадена преку енергетски заштеди
- Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи
- Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност

- Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата
- Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организиции, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

## 7. *Прифатливи типови на проекти за ен. ефикасност*

Општината Охрид прифаќа широка дефиниција за енергетска ефикасност која опфаќа голем спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти или јавното улично осветление со следните програми и годишни планови за енергетска ефикасност.

## 8. *Долгорочни цели*

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции при стандардно подобрено ниво на удобност во училиштата , градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на $CO_2$ во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира наведените цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од обласста на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти

## 9. *Контрола на програмата*

Потрошувачката на енергија во повеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена / поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, автоматска контрола на греење, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.

Со цел да овозможи да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресматаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),

- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

**10.*Резиме***

Политиката на Општината, во областа на енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност, усогласена со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Активностите на Општина Охрид ќе се насочат кон реализација на главната цел на политиките на ЕУ, односно намалување на годишната потрошувачка на примарна енергија, согласно предложените мерки од Европската комисија, за зголемување на ефикасноста во сите сегменти во синџирот на енергија: генерација, трансформација, дистрибуција и финална потрошувачка.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за одржување јавна чистота за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/93** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2022 ГОДИНА**

**Вовед**

Оваа програма ја спроведува Одделението „Јавна хигиена“ од Р.Е.„ Комунална хигиена“, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавни и сообраќајни површини, одржување пешачки патеки, детски игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирање и депонирање на собраниот смет.

Динамиката на одржување на чистота на јавните и сообраќајните површини е одредена со предложенава програма за работа, која се изготвува согласно Одлуката за комунален ред, а се врши преку:

- Рачно и машинско метење на јавно – прометни површини ;
- Собирање хартија и други отпадоци;
- Празнење корпи за отпадоци;
- Прскање и миење улици во летен период.

*) Како јавно прометни површини кои ги одржува ооделението„Јавна чистота“ се подразбираат:

- *Улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта на кои не се наплатува надомест, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, детски игралишта.*

**Содржина на програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

1. Извори на финансирање на програмата ;
2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата;
3. Организација и динамика на извршување на редовните активности;
4. Трошоци за одржување на јавната чистота;
5. Преглед на обемот на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување на јавна хигиена за 2022 година
   А) Редовни активности и
   Б) Вонредни активности .

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за одржување јавна чистота се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2022 година. За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок . Висината на надоместокот за одржувањето на јавната чистота се утврдува врз основа на изграденоста, уреденоста на јавните површини на територијата на општина Охрид и потребата – обемот за одржување на јавната чистота во зависност од местоположбата на домаќинствата, односно седиштата на правните лица како и видот на дејноста што

ја вршат, кои се утврдуваат со Одлуката за утврдување на надоместокот за одржување јавна чистота усвоена од Советот на општина Охрид.

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението „Јавна хигиена“ од Р.Е. „Комунална хигиена“, а се однесува на годишно одржување на улиците, тротоарите и другите јавни површини на територијата на општина Охрид

**3. Организација на извршување на редовни активности**

За подобро извршување на работите од страна на Одделението „Јавна хигиена“ улиците се групирани оперативно во четири категории:

- **I категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој ден преку цела година, **се мијат секој ден во период од 6 месеци ,а другите шест месеци по потреба.** Тоа се улици главно сконцентрирани во центарот на градот. Овие површини се метат рачно;
- Исто така во оваа категотија во месеците јули и август влегуваат и туристичките места и тоа: с.Трпејца, с.Пештани, нас.„Лагадин“, нас.„Св.Стефан“, плажата „Сараиште“, „Лабино“ и „Грашница“ заради зголемениот прилив на туристи, како и с.Велгошти заради големиот број на манифестации и турнири кои се организираат во тој период.

***Улици од I категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„7.Ноември“ | 12.000 |
| 2. | ул.„Македонски Просветители“ | 6.500 |
| 3. | Булевар„Туристичка“ дел | 10.000 |
| 4. | ул.„Цар Самуил“ | 4.850 |
| 5. | ул.„Коста Абраш“ | 4.200 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 6.000 |
| 7. | ул.„Партизанска“ | 8.400 |
| 8. | ул.„Димитар Влахов“ | 8.840 |
| 9. | ул.„Гоце Делчев“ ( до „А.Емин “) | 1.890 |
| 10. | ул.„Јане Сандански“ | 14.315 |
| 11. | ул.„Илинденска“ | 4.232 |
| | ***Вкупно:*** | ***81.227*** |

- **II категорија** : влегуваат улиците кои се метат секој втор ден во неделата. Тоа се улици кои се тесно поврзани со оние од I-ва категорија, или се дел од нив. Истите **се мијат** секој втор ден, а се метат рачно и машински;

***улици од II категорија***

| *реден број* | *име на улица* | *m2* |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Кирил и Методи“ | 3.600 |
| 2. | ул.„Кузман Капидан“<br>ул.„Б.Шотра“<br>ул.„Браќа Миладиновци“ | 7.089 |
| 3. | ул.„Мите Богоески“ | 1.500 |
| 4. | ул.„Бистрица“ | 7.300 |
| 5. | **ул.„АСНОМ“** | **8.812** |
| 6. | **ул.„В.Стефоски“** | **6.387** |
| 7. | **ул.„Боро Шаин“** | **1.348** |
| 10. | **Бул.„Туристичка“ дел** | **3.000** |
| 11. | **ул.„Даме Груев“** | **4.600** |
| 12. | **ул.„Кочо Рацин“** | **1.896** |
| 13. | **ул.„К.Јосифоски“** | **3.100** |
| 14. | **ул.„М.Несторoски“** | **8.256** |
| 15. | **ул.„М.Патчев“** | **918** |
| 16. | **ул.„П.Чауле“** | **1.413** |
| 17. | **У..„П.Гули“** | **9.200** |
| 30. | **ул.„Рашанец“** | **606** |
| 31. | **ул.„Серафим Китаноски“** | **1.450** |
| 34. | **ул.„Страшо Пинџур“** | **1.240** |
| 37. | **ул.„Војдан Чернодрински“** | **1.000** |
| | *Вкупно:* | *72.715* |

- **III категорија**: влегуваат улиците кои ќе се метат двапати неделно, повеќето од нив од стариот дел на градот и ќе се чистат рачно;

***улици од III категорија***

| ***реден број*** | ***име на улица*** | ***m2*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„Абас Емин“ | 9.500 |
| 2. | ул.„Ариф Мустафа“ | 3.922 |
| 3. | ул.„Аџи Мустафа“ | 3.130 |
| 4. | Ул.„В.Главинов“ | 4.000 |
| 5. | **ул.„Дејан Војвода“** | **6.709** |
| 6. | **ул.„Караорман“** | **1.421** |
| 7. | **ул.„Кленоец“** | **14.190** |
| 8. | **ул.„Крали Марко“** | **6.659** |
| 9. | **ул.„Крум Точко“** | **3.520** |
| 11. | **ул.“Марко Цепенков“** | **10.875** |
| 12. | **ул.„Никола Петров Русински“** | **2.453** |
| 13. | **ул.„Пере Тошев“**<br>ул.„Петар Попарсов“ | **7.457** |
| 14. | **Станбен комплекс „Даљан“**<br>ул.„Сатеска“<br>ул.„Т.Трајчески“<br>ул.“Мичо Гилиќ“ | **12.720** |
| 15. | **Ул.„К.Охридски“**<br>Ул.„11-ти Октомври“<br>Ул.„Д.Маленко“<br>Ул.„К.Иниверзитет“<br>Ул.„О.Архиепископија“ | **5.022** |
| 16. | **ул.„Славеј Планина“** | **9.071** |
| 17. | **ул.„Стив Наумов“** | **10.000** |
| 18. | **8-ми Септември** | **6.261** |
| 19. | **ул.„8 Март“** | **3.040** |
| 20. | **„Охридати“** | **11.400** |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | **ул.„Шар Планина“** | **1.060** |
| 22. | **Ул.„А.Маринчев“** | **1.531** |
| 23. | **Ул.„Егејска“** | **4.683** |
| 24. | **Ул.„Галичица“** | **7.996** |
| 25. | **Ул.„В.Николески“** | **3.250** |
| 26. | **Ул.„К.Војвода“** | **6.741** |
| 27. | **Ул.„Л.Трпоски“** | **3.677** |
| 28. | **Ул.„М.Ацев“** | **6.521** |
| 29. | **Ул.„Нада Филева“** | **2.990** |
| 30. | **Ул.„Никола Карев“** | **7.047** |
| 31. | **Ул.„С.Војвода“** | **3.480** |
| 32. | **Станбен комплекс Расадник** | **8.385** |
| 33. | **Станбен комплекс Х.Узунов** | **6.200** |
| 34. | **Ул.„В.Питошески“** | **7.000** |
| | *Вкупно:* | *201.911* |

- **IV категорија**: влегуваат улиците кои се чистат еднаш неделно рачно и машински, а се улици од поширок круг од центарот на градот.

***улици од IV категорија***

| **реден број** | ***име на улица*** | ***m2*** |
|---|---|---|
| 1. | ул.„1Мај“ | 2.600 |
| 2. | ул.„I Македонска ударна бригада“ | 8.500 |
| 4. | ул.„130“ | 4.843 |
| 5. | ул.„15.Корпус“ | 9.220 |
| 6. | ул.„6.Бригада“ | 476 |
| 8. | ул.„Железничка“ | 32.355 |
| 9. | ул.„Андреа Јованоски“ | 4.646 |
| 10. | ул.„Александар Гушо“ | 2.120 |
| 11. | ул.„Александар Турунџиев“ | 3.850 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | ул.„Андон Дуков“ | 2.120 |
| 13. | ул.„Бекир Али Риза“ | 2.220 |
| 14. | ул.„28 Април“ | 5.100 |
| 15. | ул.„Будва“ | 6.700 |
| 16. | ул.„Дебарца“ | 1.400 |
| 17. | ул.„Јабланица“ | 2.320 |
| 18. | ул.„Махмут Рифат“ | 1.970 |
| 19. | ул.„Живко Чинго“ | 9.373 |
| 20. | ул.„Малесија“ | 1.550 |
| 21. | ул.„Момчило Јорданоски“ | 7.997 |
| 22. | ул.„Ѓорче Петров“ | 4.000 |
| 23. | ул.„Мирка Гинова“ | 2.800 |
| 24. | ул.„АРМ“ | 1.550 |
| 25. | ул.„Париска Комуна“ | 7.200 |
| 26. | ул.„Партизански Одреди“ | 1.360 |
| 27. | ул.„Димо Хаџидимов“ | 1.880 |
| 28. | ул.„Охридска Бригада“ | 3.960 |
| 29. | ул.„Петрино“ | 2.800 |
| 30. | ул.„Прилепска“ | 3.730 |
| 31. | ул.„Радоица Новичиќ“ | 16.600 |
| 32. | ул.„Ристо Чадо“ | 6.600 |
| 33. | ул.„Спас Банџов“ | 898 |
| 34. | ул.„Српница“ | 212 |
| 35. | ул.„Трајче Дојчиноски“ | 2.100 |
| 36. | ул.„Вангел Николоски“ | 3.000 |
| 37. | ул.„Богомилска“ | 8.753 |
| 38. | ул.„Веле Марков“ | 2.120 |
| 39. | ул.„Винковачка“ | 2.390 |
| 40. | ул.„Ѓорѓи Сугарев“ | 1.400 |
| 41. | Ул.„Боро Шаин“<br>Ул.„Г.Прличев“ | 1.348 |
| | ***Вкупно:*** | ***184.061*** |

- Исто така во оваа категорија со истиот режим на чистење влегуваат и селските населби и туристички места.

| **реден број** | ***населено место*** |
|---|---|
| 1. | с.Лескоец |
| 2. | с.Косел |
| 3. | с.Куратица |
| 4. | с.Трпејца |
| 5. | с.Г.Лакочереј |
| 6. | с.Д.Лакочереј |
| 7. | с.Орман |
| 8. | с.Пештани |
| 9. | с.Подмоље |

| | |
|---|---|
| 10. | с.Љубаништа |
| 11. | с.Велгошти |
| 12. | нас.„Лагадин “ |
| 13. | нас. „Исток“ |
| 14. | нас.„Елшани“ |
| 15. | нас.„Рача“ |
| 16. | нас. „ Долно Коњско “ |
| 17. | нас. „ Св.Стефан “ |
| 18. | нас.„Елешец “ |

Согласно категоризацијата улиците ќе се третираат на следниот начин:

- **I категорија -**
    - метење 365 работни дена;
    - миење улици 184 дена;
    - празнење корпи за отпадоци 365 работни дена.
- **II категорија -**
    - метење 184 работни дена;
    - миење улици 60 дена.
- **III категорија -**
    - метење двапати неделно;
    - миење улици 40 дена.
- **IV категорија -**
    - метење еднаш неделно;
    - миење улици 20 дена.

Метењето на улиците се врши секојдневно од 05 до 11 часот, а собирањето на хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 11 до 17 часот и од 17 до 23 часот. Во летниот период од 15 јули до 15 септември, собирањето хартија и празнењето на корпите за отпадоци го вршат по тројца работници во две смени од 12 до 18 часот и од 18 до 24 часот. Исто така во петок, сабота и недела во истиот период заради зголемениот обем на работа уште двајца работници вршат празнење на корпите за ѓубре на потегот од градското пристаниште до мостот на каналот Билјанини извори, каналот до Билјанини извори, рекреативната патека до суводолицата Рача. Во летниот период се врши и секојдневно прскање и миење на улиците, како и машинско метење на улиците во периодот од 02 до 08 часот. Работниците се распоредени во групи кои имаат свои реони за работа, а се групирани во групи од двајца извршители и тоа еден метач и еден опслужувач на количка – „јапонер“.

Пешачката патека од Самуилова тврдина, до ОУ„Св.Климент Охридски “ во населбата „Даљан“ се чисти секој петок и понеделник, а во сезона секојдневно се врши празнење на корпите за отпадоци.

За 2022 година предвидено е и собирање хартија и празнење корпи за отпадоци во периодот од 15 јули до 15 септември да го вршат по двајца работници во трета смена односно од 24 до 06 часот на потегот од плоштад „Св.Климент Охридски“, чаршијата до чинарот на раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ со ул.„Абас Емин“, Кеј„Македонија“, ул.„М.Просветители“, „Партизанска“, „Д.Влахов“ и од постојка на Бул.„Туристичка кај мини -маркет до постојка кај раскрсница со ул.„Абас Емин“ како и празнење корпи на пешачка патека од црква Св.Јован Канео до река Грашница.

4. **Трошоци за одржување јавна хигиена**

***Вредност на работна рака по час***

ден/час
1. метач ................................... 170,00 ден/ час

***Вредност на работна рака по м2***

ден/м2
1. метење ................................. 0,08
2. прскање................................. 0,06
3. машинско метење ........................ 0,06

***Вредност на основни средства по час***

1. цистерна ....................................... = 1.750,00 ден/тура
2. „ТАМ “- кипер........................................ = 880,00 ден/тура
3. трактор ........................................ = 880,00 ден/тура
4. товарувач „RD“-130................................. = 2.000,00 ден/час
5. „фиат хитачи FB100“ .2............................ = 1.950,00 ден/час
7. метачка......................................... = 1.750,00 ден/час

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржувањето на јавната чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на општина Охрид бр.08-16084/3 од 15.11.2018 год.

## 5. Преглед на обем на работа на годишно ниво и пресметка на трошок за одржување јавна хигиена 2022 год.

**А) Редовни активности**

| *Вид на интервенција* | *категорија* | *површина* | *Денови на интервенција* | *Вкупна год. површина м2* | *Цена по м2* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Рачно метење | I | 81.227 | 365 | 29.647.855 | 0,08 | 2.371.828,00 |
| Рачно метење | II | 72.715 | 184 | 13.389.560 | 0,08 | 1.070.364,00 |
| Рачно метење | III | 201.911 | 60 | 12.114.660 | 0,08 | 969.172,00 |
| Рачно | IV | 184.061 | 30 | 5.521.830 | 0,08 | 441.746,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| метење | | | | | | |
| Машинско метење | I | 81.227 | 184 | 14.945.768 | 0,06 | 896.746,00 |
| Машинско метење | II | 72.715 | 60 | 4.362.900 | 0,06 | 261.774,00 |
| Машинско метење | III | 201.911 | 40 | 8.076.440 | 0,06 | 484.586,00 |
| Машинско метење | IV | 184.061 | 20 | 3.681.220 | 0,06 | 220.873,00 |
| Миење | I | 81.227 | 184 | 14.945.768 | 0,06 | 896.746,00 |
| Миење | II | 72.715 | 60 | 4.362.900 | 0,06 | 261.774,00 |
| Миење | III | 201.911 | 40 | 8.076.440 | 0,06 | 484.586,00 |
| Миење | IV | 184.061 | 20 | 3.681.220 | 0,06 | 220.873,00 |
| | | | | | **Вкупно:** | **8.581.068,oo** |

**Б) Вонредни активности**

| *Вид на интервенција* | *Вкупно часови на интервенција/ Тури на транспорт* | *Цена* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| Чистење реса | 2.500 часа<br>400 тури | 170,00<br>880,00 | 425.000,00<br>352.000,00 |
| Собирање угинати животни | | | 200.000,00 |
| Чистење на Езерото од муљ и багерување на кеј | 15 часа | 1.950,00 | 292.500,00 |
| Чистење лист<br>Подигање и транспорт | 2.900 часа<br>180 тури | 170,00<br>880,00 | 493.000,00<br>158.400,00 |
| Одржување на плажи кои не се под концесија | 2.200 часа | 170,00 | 374.000,00 |
| | | **Вкупно:** | **2.294.500,00** |

**Напомена:** Количините за вонредни активности се добиени споредбено со минати години

| | |
|---|---|
| **Редовни активности** | **8.581.068,oo** |
| **Вонредни активности** | **2.294.500,00** |
| **Вкупно за 2022 година** | **10.875.568,00** |

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за подигање и одржување на паркови и зеленило за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/94** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2022 ГОДИНА**

Вовед

Градското зеленило опфаќа површина на територија на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 80.226 $m^2$.

Површините на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49.965 $m^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6.360 $m^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . . 13.340 $m^2$
- зеленило во жардињера на Бул.„Туристичка“ 3.500 бр.
- зеленило во жардињера на ул.„Железничка“ 4.000 бр.
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . 340.000 $m^2$

- дрвореди долж сообраќајници (број на стебла) . 1.564 бр.
- Зеленило кај пешачка патека канал на Б.Извори . . . 3.000 $m^2$
- Кружни текови . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1.109 $m^2$
- Парк пред нас.Рача . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.500 $m^2$
- Зеленило во жардињери на рекреативна патека од канал на Б.Извори до канал кај ресторан „Парк“ . 112 $m^2$

Градското зеленило се одржува на површина од 56.325 $m^2$ која е во центарот на градот, како и на површина од 3.500 $m^2$ кај пешачка патека пред нас.Рача и на површина од 3.000 $m^2$ кај каналот на Билјанини Извори. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Дрворедите долж сообраќајниците се одржуваат исто така со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона и кроење. Исто така на сите јавни површини се врши кроење на дрвниот фонд заради нивна превентива од оштетување од временски неприлики, болести и штетници, како и отстранување на опасни дрва заради заштита на материјални добра и луѓе.

Зеленилото во жардињерата на Бул.„Туристичка“ на површина од 1.350 $m^2$, во жардињерата на ул.„Железничка“ со 4.000 садници, како и во жардињерите на пешачката патека од канал на Билјанини Извори до канал на суводолица од 112 $m^2$ , се одржуваат со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Кружните текови се засадуваат со сезонско цвеќе кое редовно се одржува и наводнува.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот „Кале“ со површина од 340.000 $m^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, косење на тревата, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

**Содржина на Програмата**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа:

6. Извори на финансирање на програмата,
7. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата.
8. Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2022 година,
9. Пресметка на вредноста на извршената работа,
10. Календар за работа на јавната зеленило за 2022 година
11. Интензитет на одржување на јавното зеленило за 2022 година
12. Подигање / реконструкција на парковски површини и реконструкција на дрвореди со засадување на нови садници

**1. Извори на финансирање на програмата**

Програмата за подигање и одржување на јавното зеленило се финансира од извори на средства утврдени со Закон, преку планирање на буџетот за 2022 година. Изворите за финансирање на оваа програма опфаќаат:

А) Средства за подигање и реконструкција на јавното зеленило:

- Приходи за надоместок за уредување на градежно земјиште во делот за заедничка комунална потрошувачка во минимален износ до 2,5 %,
- Приходи од комунална такса за користеењ на јавни зелени површини за манифестации,
- Приходи од надоместокот за поставување рекламни паноа и истакнување на фирми на јавни зелени површини во минимален износ од 5 % на посебна наменска сметка
- Приходи по основ на донации
- Кредити и заеми

Б) Средства за одржување и заштита на јавното зеленило:

- надоместок за индивидуална комунална потрошувачка во согласност со законот за комунални дејности,
- други извори

**2. Кадровски потенцијал за спроведување на активностите по програмата**

Активностите на оваа програма се планирани во согласност со фискалната стратегија на Општина Охрид, согледувањата на стручните служби, потребите и барањата на граѓаните на општина Охрид, како и развојот на туризмот.

Надлежни за изработка на оваа програма се стручните служби од Секторот за комунален развол, сообраќај и улици, а ја спроведува Одделението Паркови и зеленило, а се однесува на годишно одржување на паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др на територијата на Општина Охрид.

3. **Површини на градско и вонградско зеленило кои ќе се одржуваат во 2022 година**

**Градско зеленило**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***m²*** |
|---|---|---|
| 1. | **“Стара бана“** | 100 |
| 2. | **Плоштад** | 2.500 |
| 3. | “Дом на култура”- према езеро | 1.665 |
| 4. | “Дом на култура”- западна страна | 3.300 |
| 5. | “Кеј Македонија“ прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул.„Јане Сандански“ и „Питу Гули“ | 3.160 |
| 7. | Парк „Мазија“ | 23.000 |
| 8. | Ул.„7-ми Ноември“ | 3.200 |
| 9. | Бул.„Туристичка“ | 13.340 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Жардињера на Бул.“Туристичка“ | 1.350 |
| 11. | Жардињера ул.„Железничка“ | 2.000 |
| 12. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 13. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “АСНОМ“ | 314 |
| 14. | Кружни текови на Бул.“Туристичка“ со “Бистрица“„„М.Просветители“„„С.Наумов“, „А.Емин“„„Ј.Сандански“ | 795 |
| 15. | Жардињера кај рекреативна патека | 112 |
| 16. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 3.000 |

***Вкупно: 80.226m²***

**Дрвореди**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***бр.*** |
|---|---|---|
| 1. | **Бул.„Туристичка“** | 968 |
| 2. | **ул.„Јане Сандански“** | 90 |
| 3. | ул.„Партизанска“ | 165 |
| 4. | ул.„Димитар Влахов“ | 80 |
| 5. | ул.„Македонски Просветители“ | 80 |
| 6. | Кеј„Македонија“ | 146 |
| 7. | Канал Билјанини извори | 32 |
| 8. | ул.„Марко Цепенков“ | 30 |
| 9. | ул.„АСНОМ“ | 30 |
| 10. | Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | 28 |

***Вкупно: 1.649 бр.***

**Вонградско зеленило**

| **Реден број** | ***Подрачје*** | ***m²*** |
|---|---|---|
| 1. | **„Кале“** | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 m²***

*4. ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА*

- машинско косење на тревник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1,82 ден./$m^2$
- собирање на трева по машинско косење
  со изнесување собрана трева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,50 ден./$m^2$
- полевање тревници и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . 0,30 ден./$m^2$
- чистење на трева од лист со изнесување . . . . . . . . . . . . . . . 3,20 ден./$m^2$
- садење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . 23,30 ден/бр.
- Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење . . . . . . . . . 4,58 ден./ $m^2$
- прашење на сезонско цвеќе . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19,50 ден./$m^2$
- полевање на сезонско цвеќе .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 0,48 ден./$m^2$
- окопување дрвја и грмушки . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,93 ден./бр.
- Одржување на жардињери . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .
  Полевање . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 0,48 ден./$m^2$

  Плевење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. 15,93 ден./$m^2$
- кроење трендафили . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- кроење – режење грмушки . . . . . . . . . . . . . . . 15,00 ден./бр.
- Кроење на дрјва со одвоз на гранки . .. . . . . 810,00 ден./бр.
- собирање хартија и отпадоци . . . . . . . . . . . . . . . . 0,06 ден./ $m^2$
- косење трева со грбна косачка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,50 ден./$m^2$
- чистење на трња и грмушки . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 250,00 ден./час

---

**Напомена :** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавна чистота е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ – Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.08-16084/3 од 15.11.2018 год.

5. **КАЛЕНДАР ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2022 ГОДИНА**

| ***Вид на<br>операција*** | ***Ја<br>н.*** | ***Фе<br>в.*** | ***Мар<br>т*** | ***Ап<br>р.*** | ***М<br>ај*** | ***Јун<br>и*** | ***Јул<br>и*** | ***Ав<br>г.*** | ***Сеп<br>т.*** | ***Ок<br>т.*** | ***Ное<br>м.*** | ***Де<br>к.*** | ***В<br>к.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-круж.текови<br>- Зеленило кај пешачка патека канал Б.Извори | | | 2<br>2<br>2<br>1<br>2<br>2 | 3<br>3<br>3<br>2<br>2<br>2 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 4<br>4<br>4<br>3<br>2<br>3 | 3<br>3<br>3<br>2<br>2<br>2 | 2<br>2<br>2 | | | 26<br>26<br>26<br>17<br>14<br>18 |
| Полив.трева, дрва и гр. | | | 2 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | | | | 23 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | | | 1 | 1 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 1 | | | 20 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Садење сезонско цвеќе | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење | | | | | 1 | | | | | | 1 | | 2 |
| Прашење и полев.цезон цвеќе | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Окопување дрва и грмушки | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Окопување трендафили | | | 1 | | | | | | | 1 | | | 2 |
| Одржување на жардињери | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | 4 |
| Кроење-режење грмуш. | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење режење тренд. | | 1 | | | | | | | | | | 1 | 2 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | 1 | | | | | | | | | | | | 1 |
| Собир.харт.и отпадоци | 16 | 14 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 16 | 15 | 16 | 15 | 16 | 186 |

НАПОМЕНА: Операциите садење цветни површини со операциите ѓубрење и расадување, како и кроење дрвореди и кроење-режење на трендафили и грмушки можат да се вршат и во други периоди од годината во зависност од временските услови

## 6. ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2022 ГОДИНА

| *Вид на операција* | *Единица мера* | *Количина* | *Број пати* | *Вкупна количина* | *Цена* | *Вкупен износ* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева и собирање трева со изнесување<br>-паркови<br>-Бул.„Туристичка“<br>-ул.„Ј.Санд.“ и „7-ми Ноем.“<br>-парк Рача<br>-кружни текови<br>-канал Б.Извори | $m^2$ | 49.465<br>13.340<br><br>6.360<br>3.500<br>1.109<br>3.000 | 26<br>26<br><br>26<br>17<br>14<br>18 | 1.286.090<br>346.840<br><br>165.360<br>59.500<br>15.526<br>54.000 | 1,82 | 2.340.684,00<br>631.249,00<br>300.955,00<br>108.290,00<br>28.257,00<br>98.280,00 |
| Поливање трева, дрва и грмушки | $m^2$ | 49.465 | 23 | 1.137.695 | 0,3 | 341.308,00 |
| Собир.трева по маш.косење со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 20 | 989.300 | 0,5 | 494.650,00 |
| Чистење трева од лист со изнесување | $m^2$ | 49.465 | 2 | 98.930 | 3,2 | 316.576,00 |
| Садење сезонско цвеќе | бр. | 20.000 | 2 | 40.000 | 23,3 | 932.000,00 |
| Припрема на цветни леи, | $m^2$ | 3.000 | 2 | 6.000 | 4,58 | 27.480,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| фрезирање и ѓубрење | | | | | | |
| Прашење сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 19,5 | 234.000,00 |
| Полевање сезонско цвеќе | $m^2$ | 3.000 | 4 | 12.000 | 0,48 | 5.760,00 |
| Окопување на дрва и грмушки | бр. | 9.064 | 2 | 18.128 | 15,9 3 | 288.779,00 |
| Одржување на жардињери<br>Полевање<br>Плевење | <br>$m^2$<br>$m^2$ | <br>4.000<br>4.000 | <br>4<br>4 | <br>16.000<br>16.000 | 0,48<br>15,9 3 | <br>7.680,00<br>254.880,00 |
| Кроење-режење грмуш. | Бр. | 9.300 | 2 | 18.600 | 15 | 279.000,00 |
| Кроење режење тренд. | Бр. | 1.100 | 2 | 2.200 | 15 | 33.000,00 |
| Кроење дрвореди со одвоз на гранки | бр | 800 | 1 | 800 | 812 | 649.600,00 |
| Собир.харт.и отпадоци | пати | 49.465 | 186 | 9.200.490 | 0.06 | 552.029,00 |
| **Вкупно** | | | | | | **7.924.457,00** |

- Редовен инспекциски надзор над Основните сместувачки (хотели, мотели, одморалишта, авто кампови и сл.);
- Редовен инспекциски надзор на сместувачките капацитети од мал обем – поголеми приватно сместувачки објекти – Вили;
- Редовен инспекциски надзор на сместувачките капацитети од мал обем – приватни станоиздавачи;
- Контрола на Туристички групи, туристички водичи и придружници на територијата на општина Охрид односно на сите значајни туристички локалитети;
- Контролен инспекциски надзор;
- Вонреден инспекциски надзор:
- Контрола по пријави од граѓани;
- Координирани контроли заедно другите инспекциски служби;
- Канцелариско работење;
- Работа со странки.
-

**ОБУКА**

Овластениот инспектор за туристичка и угостителска дејност ќе има специјализирани обуки за Матријалните закони по систем на Е-обуки.

## 2. Општински комунален инспектор

РЕЗИМЕ

Во овој Годишен план содржани се активности кои се планирани за извршување во наредните дванаесет месеци во 2022год.Се дефинираат надлежностите на Општинскиот Комунален Инспектор,подготовка на планот и субјектите на инспекциски надзор,постапки и кретериуми за вршење на инспекциски надзор.Во планот пооделно е прикажано како ке се врши надзорот во текот на годината и согласно со кои законски прописи,потоа активностите,планираниот број на инспекциски надзори по видови(редовни,вонредни,контролни)како и временските рокови кои е планирано да се извршат.Дел од предвидените активности се продолжение и финализација на започнатите постапки во претходната година кои поради сложеност и времетраење не се завршени во тековната година, а поголем дел се нови планирани надзори.

Обврските и должностите на Општинскиот Комунален Инспектор ќе бидат фокусирани врз уредување основни услови и начин на вршење на комунални дејности,финансирање на изградба и одржување на објектите од комуналнта инфраструктура,Јавната чистота во градот ,одржување на зеленилото во градот и други активности.

Во делот инспекциски надзор табеларно се прикажани податоци од сите планирани инспекциски надзори и очекуваните неправилности.

**АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ**

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот.Според степенот ризикот може да биде низок,среден и висок.Проценката на ризикот вклучува анализа,управување и известување за ризикот и се спроведува според методологијата за проценка на ризикот Раководителот на инспекциската служба а согласно со Правилникот за елементите на проценка на ризикот ,како и зачестеноста на спроведување на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик.

Проценка на ризикот се врши преку:

-идентификување на ризици за заштитените добра,права и интереси,животната средина и здравјето на луѓето,кои може да се случат како последица од работата на субјектот на надзор

- проценка на тежината на штетните последици и веројатноста за нивно случување.

При анализа на очекуваната состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за непреминување на прописите од областа на комуналните дејности е утврден среден степен на ризик,бидејќи ризикот може да се јави повремено и случајно и е подлежен на промени во зависност од понатамошното постапување на субјектот на надзор.

Утврдениот среден степен на ризик се базира на статистиките од досега извршените инспекциски надзори и изведени заклучоци од записниците на инспекторите за извршени редовни и вонредни инспекциски надзори и нивни извештаи за работа.

Инспекциската служба во рамките на Општина Охрид е организиранона ниво на Одделение за инспекциски надзор –Инспекторат

пштинскиот Комунален инспектор при вршење на надзор над физички и правни лица постапува превентивно,едукативнокако и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциската постапка со цел отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи.

ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Инспекцискиот надзор во Општинскиот Инспекторат во Охрид се врши врз основа на Годишен План и Месечни планови за работа.

Општинскиот Комунален инспектор своето работење го реализира преку доследно спроведување на одредбите од законите и подзаконските акти кои се во негова

надлежност,преку вршење на надзори и превземање на инспекциски мерки кај сите субјекти кои работат во овие области но секогаш навремено постапуваше и по доставените информации за одредени неправилности и злоупотреби кога не се почитуваат оредбите од законски и подзаконските прописи.

Општинскиот Комунален инспектор постапува по следните закони и подзаконски акти:

-Закон за Инспекциски надзор

-Закон за Комунални дејности

-Закон за Јавна чистота

-Закон за урбано зеленило

-Закон за Снадбување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води

-Закон за Гробишта и погребални услуги

И сите подзаконски акти во врска со овие закони

ТАБЕЛА 1 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ОЧЕКУВАНИ НЕПРАВИЛНОСТИ И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ СПОРЕД ВИД ВО 2022ГОДИНА

| Реден број | Општина Охрид | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Јануари | 2 | 5 | 2 | 9 | 6 |
| 2 | Февруари | 3 | 4 | 3 | 10 | 5 |
| 3 | Март | 3 | 6 | 3 | 12 | 7 |
| 4 | Април | 4 | 6 | 3 | 13 | 4 |
| 5 | Мај | 2 | 8 | 5 | 15 | 5 |
| 6 | Јуни | 2 | 13 | 7 | 22 | 6 |
| 7 | Јули | 4 | 15 | 8 | 27 | 6 |
| 8 | Август | 2 | 15 | 10 | 27 | 5 |
| 9 | Септември | 2 | 14 | 6 | 22 | 6 |
| 10 | Октомври | 4 | 8 | 5 | 17 | 3 |
| 11 | Ноември | 2 | 6 | 3 | 11 | 2 |
| 12 | Декември | 2 | 8 | 2 | 12 | 2 |
| Вкупно | | 32 | 108 | 57 | 197 | 57 |

**Комунални редари**

*Појдовна основа за изработка на планот за работа на комунални редари* за 2022 година се: Закон за комунални дејности, Закон за јавната чистота, Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Охрид и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2022 година а се во надлежност на комуналните редари.

*Задачите и активностите* кои ќе бидат задолженија на комуналните редари во текот на 2022 година, во рамките на Планот се таксативно приложени започнувајќи со:

Редовна контрола на терен, при утврдување на неправилности на терен превземање мерки согласно законските надлежности, обуки за имплементација на Законот за јавната чистота и Законот за комунални дејности, соработка на комунални редари со другите инспекции во рамките на одделението за инспекциски надзор, каки и другите одделенија и сектори во Општина Охрид и другите органи на државно и локално ниво.

Активности на комуналните редари:

Контролата од комуналните редари ќе се врши над физички лица согласно со Законот за јавната чистота, Законот за комунални дејности, како и други законски и подзаконски акти.

Реализација на годишнниот план за работа на комуналните редари ќе биде спроведуван преку изработка на месечен план за работа во склоп на месечниот план за работа за секој инспектор, издадени налози за вонредна контрола од страна на Раководителот на Одделението за инспекциски надзор. Доколку комуналните редари при вршењето на контролата утврдат неправилности, согласно погоре горе наведените прописи, истите се должни да превземат мерки согласно нивните надлежности произлезени од таа законска регулатива.

**3. Инспекција за утврдување на наплата на даноци**

Појдовна основа за изработка на планот на инспекцијата за утврдување на наплата на даноци се следните прописи: Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 ,192/15, 23/16), Законот за комуналните такси („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16), Законот за таксата за привремен престој („Сл.весник на РМ“ бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11, 192/15 и „Сл.весник на РСМ“ бр.31/20), како и други подзаконските акти произлезени од овие закони.

Согласно горе наведените закони, инспекторот за утврдување на наплата на данок од Одделението за инспекциски надзор, врши инспекциски надзор над:

- данок на имот;
- данок на промет;
- данок на наследство и подарок;
- комунални такси;
- такса за престој. т.е. надзор над утрдувањето и наплатата на даноците на имот, комунална такса и др приходи на општината со задача да врши проверка на состојбата на недвижниот имот преку правилно задолжување со даноци на имот и комуналните такси и нивно плаќање;
- контрола кај даночните обврзници во делот на пријавување во општинската база на податоци како даночни обврзници;
- контрола кај даночните обврзници во делот на плаќањето на даночните долгови - комунални такси;
- превземање на други работи и работни задачи утврдени со закон и подзаконски акти по налог и овластување;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни иницијативи за инспекциски надзор од физички и правни лица.

Цели на инспекцискиот надзор:

Инспекторот преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни инспекциски мерки придонесува за зголемување на паричните средства на општината, ефикасноста и ефективноста на работењето на општинита со навремено прибраните средства на среден и долг рок;

Во вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот го врши согласно законите и други прописи донесени врз основа на закон, истиот го врши со цел за остварување и за заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно; по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор;

При вршењето на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги презема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се

неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

При определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоците;

При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

При анализата на ризик во делот на работењето на инспекторот утврдено е дека предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризичните подрачја од областа на даноците како: непријавени даночни обврзници кои не се задолжени со данок на имот т.е. кои не поднеле даночни пријави за утврдување на данок на имот, непријавени даночни-таксени обврзници кои не се пријавени и не ги плаќаат комуналните такси и таксата за престој дефинирани според конкретните појави од ризици, кои искуствено врз основа на досегашната внатрешна контрола истите се утврдени и во иднина ќе се утврдуваат.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на инспекторот за 2022 година се планираат да се извршуваат редовни и контролни инспекциски надзори. Вонредни инспекциски надзори во изминатите години многу ретко се појавуваат, па заради тоа и не се планирани, но доколку би имало потреба од вршење на вонреден инспекциски надзор, истиот ќе се реализира и евидентира во извештаите на инспекторот.

Реализација на годишниот план за работа на инспектор за утврдување на наплата на данок ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изготвува известувања,записници,решенија, ќе прави постапки за порамнување (предлог и записник), ќе подготвува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежен суд.

4. **Градежни инспектори**

*Појдовна основа за изработка на планот за градежната инспекција е Законот за градење* („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20 и 279/20), како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведениот закон, градежниот инспектор од Одделението за инспекциски надзор, во 2021 година ќе врши инспекциски надзор над:

градбата на градежните објекти на лице место и утврдување на податоци и докази за градбата со кои се утврдува дали истата се гради со почитување на законите со кои се регулира градбата на објекти;

објекти кои се градат без одобрение за градење;

квалитет на градба на објектите за кои Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Охрид има доставено акт со кој се потврдува донесување Одобрение за градење, Одобрение за реконструкција, пренамена и санација на објект;

сите учесници во градба на еден градежен објект кои треба да исполнат одредени критериуми, стандарди и имаат лиценца за вршење на таков вид на активност, од фаза на проектирање се до фаза на предавање на објект во употреба;

правните и физичките лица кои имаат поставено урбана опрема на јавните површини;

По иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица.

Цели кои треба да се исполнат со инспекцискиот надзор:

придонесување на подобрувањето на контролата на објектите што се градат и поквалитетна градба на сите видови градежни објекти од втора категорија на објекти, како и почитување на законите на сите физички и правни лица учесници во сите фазите на градба на еден објект;

законита и стручна примена на законите со цел сите учесници во било која фаза на градба на еден градежен објект, било да се физички лица или правни лица да ги почитуваат законите со кои се регулира градбата на објектите;

градежната инспекција делува превентивно со навремена контрола врз градбите и начинот на градба на истите како и превземање санкции во колку некоја градба не се изведува во согласност со важечките закони;

примена на законите за да се заштити државниот интерес како и интересот на секој поединечен граѓанин што учествува во градбата или е засегнат при градење на објект во непосредна близина на сопствениот објект;

брзо, ефективно и стручно водење на управните и инспекциските постапки и во временски со закон определен рок со што истите би се завршиле во што е можно пократок рок;

преку вршење надзор над градбите се зголемува квалитетот на градбите и се гарантира дека градбата се гради во согласност со стандардите за градба за соодветен тип на објект од втора категорија на градба;

при определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;

Превенција од евентуални штети предизвикатни од секаков вид на незаконски пристап на субјектите на надзор;

Воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето на субјектите на надзорот;

Намалување на сивата економија со зајакнување на инспекциските надзори над нелегалните субјекти, како и отстранување на нелегалната конкуренција.

При анализата на ризици како ризични подрачја се идентификувани следните: градење, реконструкција, надградба и доградба на објекти без потребна документација; непридржување на инвеститорите и изведувачите кон одобренијата и решенијата за објектите издадени од Градоначалникот; непридржување на законските обврски на инвеститорите и изведувачите при започнување, тек и завршување на градба, доградба, надградба, реконструкција; поставување на урбана опрема и времени објекти без одобрение, односно непридржување на условите од одобрението.

При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Градежниот инспектор за 2022 година се планираат да се извршуваат редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори :

Реализација на годишнниот план за работа на градежниот инспектор ќе биде спроведуван преку изработени месечни планови за работа согласно Законот за инспекциски надзор при што инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор ќе изрекува инспекциски мерки, ќе прави постапки за порамнување, ќе подготвува барања пред надлежен суд согласно своите овластувања.

Во тек на оваа година овластениот градежен инспектор ќе врши и менторство над кандидатот за градежен инспектор и тоа согласно Програмата за практична работа и обука на работно место за стекнување со лиценца за инспектор под надзор на ментор.

## 5. Овластени инспектори за животна средина

Резиме

Со Годишниот План за 2022 година се дефинираат надлежностите на овластениот инспектор за животна средина , подготовка на планот целите и субјектите на инспекциски надзор, постапката и критериумите за вршење инспекциски надзор.

Обврските и должностите на овластениот инспектор за животна средина ќе бидат фокусирани врз одржување на системот на заштита на животната средина постојано, особено на контрола на издадени решенија за одобрување на елаборати, дозволи за управување со отпад предавање на отпад, заштита од бучава во животната средина како и други активности и дејности заради заштита на животната средина.

Годишниот план завршува со сите останати активности на овластениот инспектор за животна средина.

Овластениот инспектор за животна средина постапува според следните закони:

- Закон за Животна средина
- Закон за управување со отпад
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух
- Закон за заштита од бучава во животната средина
- Закон за води
- Закон за инспекциски надзор
- Закон заопшта управна постапка
- Закон за прекршоци

Анализа и ризици

Постоечката анализа на ризик, се заснова на претходно извршените надзори , и надзорите од претходните години.

Критериуми за дефинирање на ризичните области се: број на идентификувани наоди во областа, повторување на прекршоците, изречените казни по области.

Предмет на инспекциски надзор ќе бидат следните ризични области:

- индустриско спречување и контрола на загадувањето (интегрирани еколошки дозволи ) контрола на условите наведени во дозволите
- елаборати за животна средина ( контрола на условите во елаборатите)
- управувањето со отпад (сите видови на отпад)
- управување со пакување и отпад од пакување
- заштита на штетни влијанија врз водите
- заштита од бучава во животната средина

Во идентификување на ризикот , дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- Непостапување по Инегрираните еколошки дозволи
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животна средина
- Непостапување по одредбите од Законот за отпад, Законот за пакување и отпад од пакување, Законот за батерии и акумулатори, Законот за води, Закон за бучава.

Овластениот инспектор за животна средина при вршење на надзор над физичките и правни лица, постапува превентивно, едукативно како и изрекување на соодветни инспекциски мерки и санкции во инспекциската постапка со цел, отстранување на утврдените неправилности и непочитување на законските прописи. Се со цел заради спречување на загадувањето на животната средина и животот и здравјето на луѓето.

Овластениот инспектор за животна средина работи во состав на инспекторатот на Општината.

Инспекциски надзор

Општи цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

-зголемување на степенот на спроведување на законодавството од областа на животната средина во однос на претходната година

-целосно реализирање на месечниот план на овластениот инспектор за животна средина

-практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на субјектите кои се предмет на надзор

-следење на условите одредени во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина и нивна применливост во пракса

-превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати

-навремено преземање на мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор.

-воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштита на животната средина .Организација на едукација, обуки ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите н

Предмет на инспекцискиот надзор во заштита на животната средина.

Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2022 година ќе ги изготви следните активности:

Годишен план за работа на овластениот инспектор за животна средина за 2022 година.

Годишен извештај за работата на овластениот инспектор за животна средина за 2021 година.

Други видови информации по барање на институции , организации, поединци.

Соработка со други институции

Овластениот инспектор за животна средина соработува со Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен инспекторат за животна средина, ЗЕЛС, Инспекциски совет, Полиција, со други државни институции и организации.

**6. Инспектори за патен сообраќај**

Согласно надлежностите на инспекторите за патен сообраќај во одделението за инспекциски надзор при изработката на содржината на годишниот план за работа за 2022 година во предвид се земени обврските и правата кои ги имаат инспекторите, а истите произлегуваат од законските и подзаконските акти, и тоа:

- Закон за превоз во патниот сообраќај; „Службен весник на РМ“ бр.68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016 и 71/2016;
- Законот за инспекциски надзор; „Службен весник на РМ“ бр.50/2010; 162/2010; 157/2011; 147/2013; 41/2014; 33/2015; 193/2015; 53/2016; 11/2018; 83/2018 и 120/2018,
- Законот за прекршоци; „Службен весник на РМ“ бр.124/2015;
- Законот за општа управна постапка; „Службен весник на РМ“ бр.124/2015;
- Одлука за авто-таксипревоз на патници на подрачјето на општина Охрид;
- Одлука за општински линиски превоз на патници и
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2022 година, а се во надлежност на инспекторите за патен сообраќај.

Годишниот план за работа ќе придонесе инспекторите за патен сообраќај во текот на 2022 година поквалитетно да ги извршуваат секојдневните активности, како и да бидат поуспешни при извршувањето на зададените задачи кои може да се систематизираат по области и тоа:

- Инспекциски надзор;
- Аналитичко – информативна дејност;
- Обуки и стручно усовршување со учество на генерички обуки;
- Соработка со други одделенија и сектори од општината и други органи на државно и локално ниво;
- Нормативна дејност;
- Средства потребни за извршување на инспекциските контроли:

Испекциски надзор

Инспекцискиот надзор ќе се врши како:

- Редовен;
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекторите за патен сообраќај во 2022 година ќе работат согласно со регулативата која се однесува на законските надлежности како што се законот за превоз во патниот сообраќај и одлуките кои што произлегуваат од него, законот за општа управна постапка, законот за прекршоци и законот за инспекциски надзор, како и од приоритетот на актуелните тековни проблеми кои ќе треба да се решаваат.

Имено, со инспекциски надзор ќе бидат опфатени затекнатите превозници во вршење дејност превоз на патници, правни и физички лица при вршење вонредни инспекциски надзори, како и, правние лица и трговци поединци, при вршење редовни инспекциски надзори, врз кои ќе се применат превентивни и казнени инспекциски мерки, се со цел доследно почитување на прописите од нивна страна.

Инспекторите за патен сообраќај во претстојната 2022 година ќе работат на воведување на ред во посебниот линиски превоз на патници како и општинскиот линиски превоз на патници во општина Охрид во соработка со секторот за комунални дејности, сообраќај и улици, во делот при издавањето на лиценци и изводи од лиценци на возилата кои ќе го вршат општинскиот линиски превоз, дозволи за вршење на превоз на патници во општинскиот линиски превоз и заверени возни редови и сл.

Приоритет во 2022 година ќе биде и воведување ред во автотакси превозот во општина Охрид. Инспекторите за патен сообраќај континуирано како и во претходната година ќе продолжат со своите активности и во 2022 година со контрола над соодветната документација при вршење на автотакси превоз и санкционирање на сите оние кои вршат ваков вид на превоз на патници спротивно на законските и подзаконските акти.

Инспекторите за патен сообраќај како и досега и во наредната 2022 година ќе продолжат со одличната соработка која ја имаат со Министерството за внатрешни работи во делот на квалитетното извршување на своите работни обврски.

За констатираните прекршоци инспекторите ќе изготвуваат записници, ќе спроведуваат едукација, ќе донесуваат решенија во управна постапка, ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка, ќе изрекуваат глоби, ќе донесуваат решенија или давање предлог за одземање на дозволите за превоз или издадените лиценци.

Аналитичко - информативнадејност

Инспекторите за патен сообраќај врз основа на извршените инспекциски надзори во 2022 година ќе изготвуваат:

- Извештај за работата на инспекторите за патен сообраќај за претходните шест месеци (за период јануари – јуни) за тековната 2022 година;

  Рок: најдоцна до 15 јули, 2022 година
- Извештај за работата на инспекторите за патен сообраќај за претходните шест месеци (за период јули - декември) за претходната година;

Рок: најдоцна до 15 јануари, 2023 година

Обуки и стручно усовршување со учество на генерички обуки;

Инспекторите за патен сообраќај ќе земат учество на семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за општа управна постапка и Законот за инспекциски надзор, а кои ќе бидат организирани од различни институции (министерство за транспорт и врски, мрежа на инспектори за сообраќај при ЗЕЛС, управниот инспекторат и сл.).

Соработка на инспекторите за патен сообраќај со други одделенија и сектори од општината и други органи на државно и локално ниво;

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработуваат со сите сектори во општина Охрид органите на државно и локално ниво, јавните препријатија и пред се со граѓаните на општина Охрид.

Нормативна дејност:

Инспекторите за патен сообраќај ќе продолжат и со активностите за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на превозот на патници во општина Охрид.

Средства потребни за извршување на инспекциските контроли:

Одделението за инспекциски надзор ќе го реализира овој годишен план за работа за 2022 година со двајца овластени инспектори за патен сообраќај. За спроведување на истиот потребни се и материјално - технички средства, како и моторно возило, потребно за извршување на теренските активности.

**ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ**

Имајки го во предвид Законот за инспекциски надзор, член 49 и член 50, инспекторите се должни континуирано професионално и стручно да се усовршуваат и обучуваат согласно областа на инспекциската служба за која е вработен.

Стручното усовршување се спроведува преку генерички и специјализирани обуки. За генеричките обуки се изработува Годишна програма со најмалку 3 генерички обуки, додека специјализираните обуки ќе се посетуваат од областа која во бидат организирани.

Обуките за останатите административни службеници ќе се реализираат согласно годишниот план за обуки, како и други обуки понудени од правни лица овластени да вршат таков вид на услуга.

БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување Планот за работа на Одделението за инспекциски надзор потребни се финансиски средства кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Охрид за 2022 година.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА**

При вршењето на инспекцискиот надзор овлстените инспектори ќе соработуваат со:

- Јавните претпријатија
- Министерство за внатрешни работи – СВР Охрид;
- Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР Охрид и тоа при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Министерството за образованието и наука;

- Државен инспекторат за транспорт;
- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам;
- Државен инспектор за животна средина;
- Државен комунален инспекторат;
- Државен просветен инспекторат;
- Државен управен инспекторат;
- Регулаторна комисија за домување;
- Биро за развој на образованието;
- Центарот за средното образование и обука;
- Централен регистер на РМ;
- ЗЕЛС;
- Соработка со службите во општината во улога на член на Комисија за утврдување на локации за поставување на садови за отпад на јавни површини;
- Соработка со Комисија за јавни набавки
- Други сектори и одделенија при Општина Охрид;
- Стручни и научни установи и институции и др. правни лица во реализирање на доказната постапка (земање на мостри за анализа, извештаи од извршената анализа на почва, отпадна вода, вода во реципиент, загадувачки супстанции од стационарни извори на загадување, бучава во животна средина и соседство и сл.) со кои општината има склучено договор;
- Соработка со други органи и стручни установи за обезбедување на докази при водењето на инспекциската и управната постапка.
- И други.

Согласно Законот за инспекциски надзор инспекциската служба ќе изготвува месечни планови и годишни извештаи за својата работа.

Инспекциските служби редовно ќе ја информираат јавноста за утврдените состојби кај субјектите на надзорот, при вршење на инспекцискиот надзор, како и за преземените инспекциски мерки доколку тоа е потребно заради заштита на животот и здравјето на луѓето или имотот или заради потешки нарушувања на јавниот интерес.

Овај План влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник“на општина Охрид.

| | |
|---|---|
| **Број 08-13561/36-1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **29.12.2021 ГОДИНА** | **Претседател** |
| **О х р и д** | **Сашо Донев,с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** годишната Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/107**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 80, 80-а и член 81 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 132/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 10/19, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 ја донесе следната:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Со оваа програма се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се уредуваат бројот, видот и големината на урбаната опрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.
Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот на подрачјето на Општина Охрид.
Согласно одредбите од Законот за градење, урбана опрема дефинирана со овој член се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.
Годишната програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2022 година се состои од текстуален и графички дел.

## 2. ВИДОВИ УРБАНА ОПРЕМА

### 2.1. Урбана опрема за продажба

**2.1.1. Храна**

Планирани се локации за поставување унифицирана урбана опрема за продажба храна.

**2.1.2. Мини пазари**

Планирани се локации за поставување унифицирана урбана опрема за продажба храна - мини пазари, надвор од Градскиот Пазар, кои се прикажани во графичкиот прилог бр.1 Шема на површини за поставување урбана опрема:

- Графички прилог бр. 31 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 30), на улица "Сирма Војвода" на паркингот кај Медицински центар.

Други локации за поставување на унифицирана урбана опрема за продажба на храна - мали пазари (зелени) кои се планирани, а не се презентирани во Графички прилог бр. 1 - Шема на површини за поставување на урбана опрема, се предвидени во туристичкиот комплекс Свети Стефан, во туристичката населба Лагадин и во село Пештани.

**2.1.3. Типизирани тезги**

Во графичкиот прилог бр.1 Шема на површини за поставување на урбана опрема планирана е унифицирана урбана опрема за продажба на сувенири, храна, книги уметнички слики, цвеќе и текстил (димензии 2.00 м x 3.00 м) , и тоа:

- Презентирана унифицирана урбана опрема за продажба сувенири, храна, книги, уметнички слики, цвеќе и текстил, графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 6) на улица "Македонија"
- Презентирана унифицирана урбана опрема за продажба сувенири, храна, книги уметнички слики, цвеќе и текстил , графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 3) дел од плоштадот "Крушевска Република",

**2.1.4. Сувенири**

Во графичкиот прилог бр.1 Шема на површини за поставување на урбана опрема планирана е унифицирана урбана опрема за продажба на сувенири (означени 12 тезги со димензии 2.00 м x 1.00 м) , и тоа:

- На патеката од Самоилова тврдина кон Плаошник -5 тезги (1-5), графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).
- Пред влезот во Плаошник -4 тезги (6-9), графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).
- Пред влезот во Амфитеатар -1 тезга (10), графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).
- Во комлекс „Летница” – 1 тезга (11), графички пролог бр.4 – Шема на површини површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
- На ул. Цар Самоил -1 тезга (12), графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

Дополнителни локации за поставување унифицирана урбана опрема за продажба сувенири се предвидуваат од двете страни на влезот во градските гробишта, и во комплексот на манастирот „Св.Наум“.

**2.1.5. Сладолед**

- По должина на кејот планирано е поставување фрижидери, на 11 локации (1-11), групирани по два на приближно растојание од 70 м , графички прилог бр. 7, 9 и 10 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6), (Дел 8) и (Дел 9).
- На плоштадот "Крушевска Република", 1 локација (12) графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3),

- На улица „Климент Охридски“, 4 локации (13-15 и 17) графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);
- На пешачката патека од канал Студенчишта кон хотел Парк, 1 локација (16) графички прилог бр. 14 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13).

**2.1.6. Уметнички слики**

- На малиот плоштад кај Долна Порта- 4 локации за слики (1-4), простор со површина 4 м2), графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

**2.1.7. Книги**

- Површината меѓу трговскиот центар “Амам “ и угостителскиот комплекс “Летница“ по тротоарот на улица Македонски просветители – 5 локации за книги (1-5), тезги со површина 4 м2) графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**2.1.8. Народни ракотворби**

- Површината западно од дворното место на "Куќата наУранија", пред куќата на "Христо Узунов"- Сараиште предвидена за презентација и продажба на народни ракотворби и слично, графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

**2.1.9. Цвеќе**

- Локации за поставување унифицирана урбана опрема за продажба цвеќе се предвидуваат на влезот во градските гробишта, од двете страни на влезот.
- Во период пред празниците 8ми Март и Нова година, унифицираната урбана опрема за продажба на цвеќиња, односно честитки и др. треба да се постави на плоштадот "Крушевска Република",

**2.2. Автобуски, минибус и комби постојки**

**Планирани се 131 постојки за автобуси, минибуси и комби** на подрачјето на Општина Охрид од кои 40 се прикажани во графичкиот прилог бр. 1 - Шема на површини за поставување на урбана опрема. Во склоп на постојките да се предвиди и простор за продажба на билети за јавен превоз и весници. Предвидени се и постојки на овие локации, кои не се графички прикажани: четири на ул.„Кленоец“, и тоа кај Печатница "Коста Абраш" и кај база „Бетон“, на ул.„15 Корпус“ пред "Леарница", осум автобуски постојки во Радојца Новичиќ, две во с. Долно Лакочереј, две во с. Горно Лакочереј, две на ул.„15 Корпус“ кај фабрика „Езерка“, од две страни кај градски гробишта, шест автобуски постојки во с.Лескоец, две кај Корабица, две кај фабрика „ЕМО“ во Косел, шест автобуски постојки во с. Косел, четири автобуски постојки во с. Опеница, Прентов Мост, база Гранит кон с.Куратица, две во с. Вапила, четири на ул. Живко Чинго и тоа кај Отпад и наспроти ЕМУЦ, две пред хотел „Метропол“ , четири автобуски постојки во Лагадин, две во Елешец, осум автобуски постојки во Пештани, две кај Автокамп „Градиште“, две во с. Трпејца, две во с. Љубаништа, Автокамп Љубаништа (на патот), две во с. Подмоље, шест во с. Велгошти и тоа Орев, самопослуга и центар, четири во населба Рача, две во Свети Стефан, две кај хотел „Гранит“ и др.

**2.3. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани**

**2.3.1. Урбана опрема (забава на отворено)**

- Површина за поставување на реквизити за детско игралиште, е планирано на Спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 13 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 12),

- Површина за поставување на реквизити за детско игралиште и забава, е планирано наспроти хотел „Палас" (површина од 400 м2), графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6).

**2.3.2. Забава на отворен - затворен простор - "балони"**

Поставување на "балони" од импрегнирано платно (прицврстени за теренот), односно наткривање на постојните и новопредвидени отворени спортски и рекреативни терени - кошаркарски, ракометни и сл. игралишта, и простори, во зимски период, заради заштита од надворешни влијанија.

Предвидено е наткривање на дел од фудбалското игралиште во УЗ Воска, на игралиштето во училиштето во Даљан, на тениските терени во склоп на Спортскиот центар, додека дел од дворното место кое се користи за спортски натпревари на Основното училиште „Глигор Прличев“ веќе е наткриен со "балон".

**2.3.3. Презентации**

Поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, туристички, културни и спортски настани како и во период на одржување на разни манифестации и презентации, и тоа:

- На плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**2.3.4. Терени за фитнес**

Поставување на урбана опрема за спорт и рекреација на посетителите, како и за спортски настани.

- Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро и патеката за Горица (пред Хотел "ЛЕБЕД") е планиран за терен за фитнес, графички прилог бр. 11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10);
- Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро и патеката за Горица (плажа "БЕЛАВИСТА") се планирани за 2 терени за фитнес, графички прилог бр. 35- Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 34);
- Просторот непосредно до ОУ “ Климен Охридски“ е планиран за терен за фитнес, графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17);
- Просторот кај Касарната е планиран за терен за фитнес, графички прилог бр. 42 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 41);

**2.4.Тераси со и без настрешници**

**2.4.1.Маси и столови**

Површини на кои се поставуваат маси и столови пред угостителски објекти и простори;

- тераса димензионирана со ширина од 1 м е планирана за поставување на еден ред маси со по два столови;
- тераса димензионирана со ширина до 2 м е планирана за поставување на еден ред маси со по четири столови;
- тераса димензионирана со ширина до 4 м е планирана за поставување на два реда маси со по четири столови;
- тераса димензионирана со ширина до 6 м е планирана за поставување на три реда маси со по четири столови;
- тераса димензионирана со ширина до 8 м е планирана за поставување на четири реда маси со по четири столови.

**2.5. Платформи и простори за разни манифестации**

- Платформа и простор до 750 м2 на улица „Македонија" на потегот од завршетокот на улица Кузман Јосифовски, графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6).
- Резервиран простор за оваа намена е на плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3);
- Платформа до 100 м2 на плоштадот кај Мини маркет, графички прилог бр.22 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 21).
- Платформа до 100 м2 на просторот помеѓу трговскиот центар „Амам“ и угостителскиот објект „Летница“, графички прилог бр.4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
- Платформа и простор до 8000 м2 во комплексот на поранешната касарна, графички прилог бр. 41 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 40).

**2.6. Покриени и непокриени шанкови**

Покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на физички и правни лица на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

- Шанк е презентиран на графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6).
- Шанк е презентиран на графички прилог бр. 11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10).
- Шанк во Спортскиот центар „Билјанини извори“, во непосредна близина на тениските игралишта (графички прилог бр. 36 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 35) и шанк во близина на отворениот пливачки базен (графички прилог бр. 12 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 11).
- Шанк е презентиран на графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).

**2.7. Телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Локациите за поставување на телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци на целокупната територија на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**2.8. Јавни санитарни јазли**

Во графичкиот дел на Годишната програма за поставување урбана опрема определени се површини, односно неколку локации за поставување на јавни санитарни јазли:

-пред влезот во "Плаошник", графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).

-паркингот пред влезот во "Горна порта", графички прилог бр. 18 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 17).

-во близина на Веслачкиот клуб покрај каналот, графички прилог бр. 11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10).

-покрај пешачката патека канал Студенчишта-хотел Парк, графички прилог бр. 35 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 34).

-на површината меѓу трговскиот центар "Амам" и угостителскиот комплекс "Летница" на проширениот плоштад (пониско ниво на улица „Македонски просветители“) графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

- во Спортскиот центар „Биљанини извори“, во близина на паркингот (графички прилог бр. 12 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 11)
- на улица "Сирма Војвода" на паркингот кај Медицински центар, (графички прилог бр. 31 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 30),

По потреба при одржување на јавни презентации, манифестации и сл. можно е поставување на јавни санитарни јазли и на други површини.

**2.9. Рекреативно - авантуристички парк**

Планирана површина за поставување на реквизити за рекреативно - авантуристички парк:

- над плажа "Лабино"е презентирана во графички прилог бр. 16 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 15)
- покрај патеката на „Биљанини извори“, презентирана во графички прилог бр. 12 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 11)
- Просторот кај Касарната , презентирана во графички прилог бр. 42 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 41)

**2.10. Детски игралишта**

Површини за поставување на реквизити за детски игралишта се планирани на 34 локација на територијата на Општина Охрид од кои 23 се презентирани во графички прилог бр. 1 - Шема на површини за поставување на урбана опрема.

Планирани локации за детски игралишта, надвор од графичкиот прилог се: во с. Лакочереј - кошаркарско игралиште, Велгошти - кошаркарско игралиште и детско игралиште, на ул.„Мирка Гинова“, во населба Даљан, во населба Воска - кошаркарско игралиште, во с. Лескоец - фудбалско игралиште кај училиштето и детско игралиште во центарот, на ул. „Бистрица“ - кошаркарско игралиште, на ул.„Пере Тошев“ - кошаркарско игралиште, во населба Рача, во населба „Гоце Делчев“, во с.Коњско.

**2.11. Рекламни и информативни паноа**

Рекламните и иформативни паноа можат да се постават на слободни површини, каде не сметаат на пешачката комуникација. Микролокациите за нивно поставување се дадени во графичките прилози (64 локации) и 40 локации за информативни табли за паркинг.

**2.12. Туристички инфо центри**

Со цел на посетителите и туристите на град Охрид и поширокото опкружување да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда предвидени се локации за туристички инфо центри на повеќе пунктови на територијата на градот Охрид, како и во поширокото опкружување на влезните магистрални правци М4 и М5 и регионалните патни правци што водат во Охрид.

Локации за поставување на овие Туристички инфо центри:

- Влезот на Охрид од страна на магистралниот пат М-4 на десната страна на улица "Туристичка" после клучката на земјиште сопственост на РМ (Комплекс плаво бели згради), графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 14).
- Пред влезот во Пошта Охрид, на аголот на улица „Партизанска“ и улица „Македонски просветители“ графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 3).

Условите за нивно функционирање и поставуање (добивање дозвола за користење на просторот, уредување, изградба на паркинг простор, довод на електрична енергија, санитарен чвор, довод на вода и слично) ќе ги дефинира ЕЛС - Охрид.

За полесен и побрз пристап до овие инфо центри, треба да се поставaт соодветни знаци (инфо елементи) и патокази со цел тие да бидат обележени и лесно достапни.

**2.13. Културни инфо центри**

Со цел на посетителите и туристите на град Охрид и поширокото опкружување да им се обезбеди полесен пристап до информации за недвижното културно наследство, културно историските споменици и сл. поставени се културни инфо центри:

- На почетокот на кејот, покрај пристаништето, графички прилог бр. 3 - Шема на на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
- Површина помеѓу трговскиот центар "Амам" и угостителскиот комплекс "Летница"- графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
- На плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**2.14. Информативни екрани на допир**

За подобра инфрмираност на посетителите на град Охрид со содржините кои се нудат, се јавува потреба од поставување на информативни екрани на допир на повеќе локации. Дел од нив се веќе поставени на атрактивни локациии на територијата на град Охрид и веќе функционираат, но по целосното согледување и исполнување на соодветни услови за нивно функционирање (обезбедување на дозвола, довод на електрична енергија, мерки за заштита на апаратот и слично) можат да се постават и дополнителни екрани на допир.

**2.15. Површини за подвижна урбана опрема**

Површини за поставување - паркирање на подвижна урбана опрема - превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и рагледување на градот (велосипеди на четири тркала).

- Станица за подвижна урбана опрема на улица "Македонија", графички прилог бр. 9 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 8).

**2.16.Велосипедски постојки**

Локации за поставување на велосипедски постојки - покриени кои ќе се користат за превоз од една постојка до друга се планирани:

- На северозападниот дел од паркот на аголот помеѓу улица "Македонски просветители" и улица "Македонија" (1 локација), и на Кејот до културниот инфо центар (1 локација), графички прилог бр. 7 - Шема на на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6) и на Кејот до културниот инфо центар.
- Непосредно до мостот на влезот во каналот - графички прилог бр.11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10).
- Автобуска станица - графички прилог бр.26 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 25).
- Кај плоштадот Мини маркет, графички прилог бр.22 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 21).
- На улица „Туристичка“, (2 локации), графички прилог бр.5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4).
- На проширувањето кај скаличките, покрај ул.„Македонски просветители“, графички прилог бр.4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**2.17.Велосипедски постојки (за потребите на Општина Охрид)**

Локации за поставување на велосипедски постојки - покриени кои ќе се користат за превоз од едена постојка до друга се планирани:

- Непосредно пред влезот на Градскиот пазар - графички прилог бр.5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4).
- На плоштад Килимет Охридски - графички прилог бр.3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
- на паркинг простор пред Општа болница-Охрид - графички прилог бр.27 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 26).
- Непосредно до мостот на влезот во каналот - графички прилог бр.11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10).
- Автобуска станица - графички прилог бр.26 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 25).

**2.18. Рампи и наплатни пунктови**

Локации за поставување на рампи за моторни возила (влезни и излезни) со цел регулирање на сообраќајот во најфреквентните делови на Охрид, стариот дел на градот и централното градско подрачје покрај брегот на Охридското Езеро, како и наплатни пунктови за паркирање на моторни возила се предвидени:

- Двојна рампа (влезна и излезна) на почеток на улица „Коста Абраш“.
- Двојна рампа (влезна и излезна) кај супермаркетот "Тинекс" на улица „Македонски просветители“, како и наплатен пункт.
- Двојна рампа (влезна и излезна) на почеток на улица „Македонија„ од пресекот со улица „Македонски просветители“.
- Двојна рампа (влезна и излезна) кај кафетерија "Конект" на улица „Кузман Јосифовски“
- Двојна рампа (влезна и излезна) на улица „Ванчо Николески“, како и наплатен пункт.
- Двојна рампа (влезна и излезна) на улица „Асном“, како и наплатен пункт.
- Двојна рампа (влезна и излезна) кај "Горна порта"
- Двојна рампа (влезна и излезна) на улица „Нада Филева“.

**2.18. Банкомати**

Локациите, односно објектите каде ќе може да се постават банкомати по барање на правни лица ќе ги одреди Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**2.19. Јарбол пред конзуларни претставништва**

Локациите каде ќе може да се постават јарболи со знаме на државите кои отвориле или ќе отворат конзуларни претставништва во Охрид по нивно барање ќе ги одреди Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**2.20. Светиклиментов парк**

Планирана површина за уредување простор за Св.Климентов парк и поставување соодветна опрема е презентирана во графички прилог бр. 16 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 15).

## 3. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

3.1. При организација на површините за поставување на урбана опрема особено се внимава да не се наруши основната намена во просторот и безбедноста во сообраќајот ( да не се поставува опрема што ќе претставува бариера при движење на пешаците - дополнителни

маси, корита за цвеќа, рекламни паноа, стаклени прегради, пластични прегради и слично);
3.2. Урбаната опрема на јавните пешачки површини не треба да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички;
3.3. Се овозможува времено поставување на урбана опрема во ноќните часови во стариот дел на Охрид - по кејот кај пристаништето, хотел „Александрија“ и други угостителски објекти (во време на забрана на сообраќај на моторни возила - сообраќаен режим од 20 часот до 05 часот);
3.4. Површината ангажирана за поставување на урбана опрема може да се наткрие со конзолна тенда, чадор, односно настрешница на јавната површина, кои ќе бидат поставени во граници на дозволената површина означена во графичкиот прилог, но не се дозволува затворање на просторот со стаклена преграда, пластични прегради и слично за да не дојде до нарушување на безбедноста во движењето на пешаците.
Димензиите на настрешниците ќе се дефинираат и определат со изработката на Идејниот проект за поставување на урбаната опрема. Неговото утврдување и заверка ќе биде услов за добивање на Одобрение.за поставување на урбана опрема.
3.5. Површините предвидени за поставување на урбаната опрема на јавните површини во графичкиот прилог се ориентациони, а точно ќе се дефинираат и определат со изработката на Идејниот проект за поставување на урбаната опрема. Неговото утврдување и заверка ќе биде услов за добивање на Одобрение.за поставување на урбана опрема. Дел од опремата може да биде поставена и на површина сопственост на физичко или правно лице, но со претходна нивна согласност;
3.6.

- Површините за поставување маси и столови пред новоотворените објекти и простории по улица „Македонија", треба да биде на тротоарот за 2.0 м повлечена од коловозната лента за се овозможи несметано движење на пешаците;
- Растојанието меѓу поставената урбаната опрема (маси и столови) на преминот од улица „Климент Охридски“ кон плоштадот (меѓу угостителските објекти „Летница“ и „Милениум“) да не биде помало од 8,0 м.
- Растојанието помеѓу поставената урбана опрема (маси и столови) на улица „Самоилова“ да биде контролирано (согласно шемата) за да се обезбеди непречена комуникација кон стариот дел на градот.

3.7. Урбаната опрема се поставува по добиено Одобрение за поставување урбана опрема.
3.8. Со Одобрението за поставување урбана опрема се утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема;
3.9. Одобрението за поставување урбана опрема го издава Градоначалникот на општината, по утврдување на Програмата од страна на Советот на Општина Охрид.
3.10 Дополнителни локации за поставување урбана опрема по барање на правни и физички лица можат да се предвидуваат по согледување на комисијата за одлучување по барања за поставување урбана опрема, која е формирана од градоначалникот на општина Охрид и е составена од пет члена.
Контролата врз спроведувањето, односно реализацијата на Годишна програма за поставување на урбаната опрема ќе се врши согласно Законот за градење.
Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Охрид.

**4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Со донесување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11 и 154/15), Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Охрид, треба да се усогласи со истиот, заради заштита, уредување, ревитализација и рационално користење на просторот кој влегува во граници на заштитеното подрачје.

Особено треба да се применат дел од точките од член 7 и член 8 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење:

*Цитирани членови од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење:*

*Член 7*

(1) Во старото градско јадро на Охрид не смее:

12) да се воведат нови намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;

13) да се паркира до заштитените добра и да се формираат паркинг места до нив;

14) да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки;

15) да се употребуваат павер - елементи (бехатон) како обработка на пешачките површини;

16) да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;

17) да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење;

(2) Во Старото градско јадро на Охрид режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови од членот 6 на овој закон кои се донесуваат за споменичната целина, како и според посебни заштитноконзерваторски услови што се однесуваат на:

15) вклопување на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид на реклами, сообраќајни знаци, споменичка сигналистика, осветлување, урбана опрема на отворените простори;

*Член 8*

(1) Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид не смее:

4) да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени добра во радиус од 15 м околу објектите;

Член 9

Оваа Годишна Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-13561/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 Година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2022 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2022 година во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/108**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 82 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид и Програмата за поставување времени објекти во општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2022 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на урбаната опрема и времените објекти.

**Член 2**

Бројот, видот, големината на урбаната опрема како и локациите на кои може да се постави истата се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема, на територијата на општина Охрид.

Локациите, намената и површините на времените објекти се утврдени согласно Програмата за поставување на времени објекти во општина Охрид, донесени од Советот на општина Охрид.

**Член 3**

Доделувањето на правото за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид ќе се врши по пат на објавување на јавни огласи за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид.

Огласите ги распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во „Службен весник на РСМ”, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весници, од кои еден на албански јазик.

Урбаната опрема од Член 5 Точка I став 8 од оваа Одлука се отстапува на ЈП Градски пазар, без надоместок.

Целокупната постапка за издавање на оваа урбана опрема ќе ја спроведува ЈП Градски пазар под условите и цените утврдени во оваа одлука согласно закон.

**Член 4**

Огласите од член 3 на оваа Одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на урбана опрема и времени објекти на подрачјето на општина Охрид;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско надавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 5**

Почетната цена за јавно електронско надавање за урбана опрема и времени објекти се определува на следниот начин и тоа:

I. За поставување на урбана опрема со јавно наддавање:

1. За поставување урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м. x 1.00 м. почетната цена изнесува 3.000,00 денари месечно;

2. За издавање простор за поставување фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5.000,00 денари месечно по локација, а на една локација можат да се постават 2 (два) стандардни фрижидери;

3. За издавање простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8.000,00 денари месечно;

4. За издавање простор за продажба на книги поставени на топска опрема од 4 м2, почетната цена изнесува 8.000,00 денари месечно;

5. За користење површини за поставување на детски игралишта (забава на отворено), почетната цена изнесува 250,00 денари по м2 месечно;

6. За користење површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 9.000,00 денари по објект месечно (Балони);

7. За користење површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 1.500,00 денари по м2 месечно;

8. За поставување урбана опрема за продажба на храна и сувенири (типизирани тезги), почетната цена по локација со површини изнесува:

-За површина од 4 м2 почетната цена изнесува 8.000,00 денари;

- За површина од 2,20 м2 почетната цена изнесува 5.000,00 денари.

II. За користење на простор за поставување урбана опрема маси и столови пред угостителски објекти со непосредна спогодба предвидени се три зони во графичките прилози на Програмата и тоа:

1. Зона „А” за која закупнината изнесува 300,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2022 година до 31.10.2022 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2022 година до 30.04.2022 година и од 01.11.2022 година до 31.12.2022 година;

2. Зона „Б” за која закупнината изнесува 250,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.05.2022 година до 31.10.2022 година, а 150,00 денари по м2 месечно за периодот од 01.01.2022 година до 30.04.2022 година и од 01.11.2022 година до 31.12.2022 година;

3. Зона „В” за сите останати локации надвор од зона „А” и зона „Б”, за која закупнината изнесува 150,00 денари месечно.

III.За користење површини за поставување на урбана опрема за комерцијана и културна презентација цената изнесува:

1.За користење површини за поставување урбана опрема за комерцијална презентација, закупнината изнесува: 1.000,00 денари по м2 дневно за површина до 5 м2; 750,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 500,00 денари по м2 дневно за површина над 100 м2.

2.За користење површини за поставување урбана опрема за културна презентација, цената изнесува: 100,00 денари по м2 дневно до 5 м2; 75,00 денари по м2 дневно за површина до 100 м2 и 50,00 денари за површина над 100 м2 дневно.

IV.За користење на површини под времени објекти предвидени се три зони и закупнината изнесува:

1.Зона „А” закупнината изнесува 2.000,00 денари по м2 годишно;

2. Зона „Б” закупнината изнесува 1.000,00 денари по м2 годишно;

3. Зона „В” закупнината изнесува 500,00 денари по м2 годишно.

V. Во цената за закуп не е опфатена комуналната такса.

**Член 6**

- Временскиот перод за поставување на урбаната опрема и времените објекти на подрачјето на општина Охрид утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од максимум 5 (пет) години, и тоа за поставување на урбана опрема за: Забава на отворен и затворен простор „Балони”; Автобуски постојки; Терени за фитнес; Покриени и непокриени шанкови; Телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци; Јавни санитарни јазли; Детски игралишта; Рекреативно авантуристички парк; Рекламно Информативни паноа; Туристичко информативни центри; Културни инфо центри и информативни екрани; Велосипедски терминали; Банкомати и рампи и наплатни пунктови, и сето ова со право на продолжување, согласно член 38 и 39 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019).

- Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти ќе се склучуваат еднаш годишно, за рок за кој барателот поднел барање и тоа: за минимум 3 месеци, за 6 месеци, за 9 месеци или за 12 месеци, додека договорите за поставување на урбана опрема за продажба на сувенири, поставување фрижидери за за продажба на сладолед, продажба на уметнички слики и продажба на книги договорите ќе се склучуваат еднаш годишно за период од 3 месеци.

**Член 7**

Начинот и постапката за давање на земјиште под краткотраен закуп за поставување на урбана опрема и времени објекти, ќе се врши согласно одредбите од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019) **.**

**Член 8**

Урбаната опрема предмет на оваа Одлука, се поставува врз основа на добиено одобрение за поставување на урбана опрема.

Времените објекти предмет на оваа Одлука, се поставуваат врз основа на добиено одобрение за поставување на времени објекти.

Времените објекти поставени на територијата на општина Охрид пред 2005 година, по било кој основ да се задолжат со закупнина согласно член 5 став IV од оваа одлука, се до донесување на програмата за поставување на времени објекти, односно до реализација на урбанистички план.

**Член 9**

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката број 08-4086/51, донесена на ден 28.04.2021 година.

**Член 10**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-13561/38**
**29.12.2021 година**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за начинот на спроведување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации и донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти, како и за начинот на водење на постапките за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/109**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВЕН СТАТУС НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

**Член 1**

Општина Охрид ја почитува и ја прифаќа реафирмацијата на определбата на Владата на Република Северена Македонија да се зачува статусот светско наследство на УНЕСКО на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

**Член 2**

Урбанистичките планови, урбанистичките плански и проектни документации донесени пред стапување во сила на Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029), ќе се применуваат и спроведуваат согласно Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029).

Во постапките за донесување нови урбанистички планови и урбанистички проекти и во постапките за изменување и дополнување на постојните урбанистички планови и урбанистичко плански документации, да се применува Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020-2029).

**Член 3**

При издавање изводи од детални урбанистички планови, урбанистички планови вон населено место, урбанистички планови за село, општи акти за села, урбанистичко–плански документации, да се наведе потребата од примена на Планот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029) при изработка на идејните и основните проекти.

**Член 4**

Оваа одлука не се однесува на барања за изградба и реконструкција на инфраструктурните објекти и на барања за градби од јавен интерес од државно и локално значење и тоа :

**Јавен интерес од значење за Република С.Македонија се утврдува заради:**

- Градење на нуклеарни електрани, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет од и над 1МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35 КВ , градење на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет до и над 1МВ, трафостаници со напонско ниво над 10 КВ и брани со акумулации,
- Дислокација на енергетски објекти,
- Градење на нафтоводи, продуктоводи, магистрални гасоводи, гасоводни мерни станици,
- Градење на секундарна гасоводна мрежа,
- Поставување на оптички кабли за потребите на државните органи,
- Градење на железнички пруги и железнички станици, аеродроми, државни патишта и мостови,
- Градење на депонии за неопасен и депонии за опасен отпад,
- Градење на објекти за потребите на одбраната , државните органи, агенциите и фондовите основани од Република Македонија,
- Градење на објекти за потребите на дипломатско-конзуларни претставништва и меѓународни организации,
- Градење на технолошки индустриски развојни зони основани од Владата на Република Македонија,
- Градење на телекомуникациски центри за прием на сателитски сигнали,
- Градење на гранични премини,

- Градење на регионални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување,
- Градење на објекти со инсталации за производство на топлинска енергија,
- Градење на стадиони и спортски сали со капацитет од над 10.000 гледачи,
- Градење на објекти и изведување на работи за потребите на државните јавни служби во областа на образованието, воспитанието, спортот, науката, културата, здраството и социјалната заштита,
- Градење на населби при големи природни катастрофи (земјотреси, поплави, пожари и лизгање на земјиште) и преселување на населби (потопување и еколошки причини) и
- Експлоатација на минерални суровини од стратешко значење за Република Македонија.

**Јавен интерес од локално значење се утврдува заради:**

- Градење на објекти и изведување на работи за потребите на општинските јавни служби во областа на образованието, воспитанието, спортот, науката, културата, здраството и социјалната заштита,
- Градење на далноводи со напонско ниво до 35 КВ и трафостаници со напонско ниво до 10 КВ,
- Градење на трамвајски пруги,
- Градење на објекти за противпожарна заштита,
- Градење на локални водоснабдителни и канализациони системи со системи за пречистување,
- Градење на стадиони и спортски сали со капацитет до 10.000 гледачи,
- Градење катни гаражи и
- Градење на објекти за општа употреба и тоа: општински патишта, плоштади, јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта.

**Член 5**

Постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти времено се прекинуваат во крајбрежниот појас на Охридското езеро дефиниран со Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029) и во рамките на Студенчишко блато - согласно ГУП на Охрид, УЗ 17 УБ 17.1 (строго заштитена зона-Студенчишта) .

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот на објавувањето со „Службен гласник на Општина Охрид” и ќе важи до 31.12.2022 годинана.

**Број 08-13561/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување Локална стратегија за млади на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/110** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1, точка 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**
Со оваа одлука се усвојува Локалната стратегија за млади на Општина Охрид.

**Член 2**
Составен дел на оваа одлука е Локалната стратегија за млади на Општина Охрид.

**Член 3**
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12. 2021 год.** **Претседател**
**Охрид** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТАРТАП ЦЕНТАР (SMART IDEAS HUB)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Стартап Центар (Smart Ideas Hub), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/111**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10, како и член 114 и 115 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со Договор за грант склучен помеѓу општина Охрид и Европска Унија претставувана од Европска Комисија со број IPA/2021/426-981 од 15.11.2021 година, Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ ПРОСТОР И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТАРТАП ЦЕНТАР (SMART IDEAS HUB) ВО ОХРИД

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Охрид, отстапува на времено користење дел од простор на кој општина Охрид има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна„ во Охрид, запишан во ИЛ бр. 95189 КО Охрид 2, добиен на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година. Просторот е опишан како објект бр. 2 намена на зграда (В4), влез 1, на приземје.

Дел од просторот се отстапува за потребите на Стартап Центар (Smart Ideas Hub) на општина Охрид. За оваа намена се отстапуваат следните простории: бр. 1 – 13 м2, бр. 2 – 29 м2, бр. 3 – 14 м2, бр. 4- 34 м2, бр. 5 – 75 м2 и бр. 6 – 57 м2, како и ходник во вкупна површина од 38 м2. Вкупно за Стартап Центар се отстапуваат 260 м2.

Периодот на користење на просторот кој е предмет на оваа одлука ќе биде 30 месеци, односно за целото времетраење на имплементацијата на проктните активности.

**Член 2**

Стартап Центарот (Smart Ideas Hub) ќе креира инклузивен пристап на општествените иновации преку мобилизирање на личните профили и ресурси во насока на креирање на локална економија базирана врз знаење и факти. Центарот ќе биде отворен за соработка, ќе нуди можност за регистрација на бизниси, ќе обезбедува обуки за младите претприемачи и ќе биде место за развивање на соработка помеѓу млади луѓе кои ќе можат да развиваат иновативни, паметни и универзално достапни решенија за проблеми од различен тип. Крајната целна група се (младите) претприемачи. Имплементацијата на иновативните решенија кои се справуваат со развојните проблеми и создаваат предуслови за одржлив развој заснован на економија базирана на знаење ќе биде од корист за сите граѓани.

**Член 3**

Надоместокот за режиски трошоци (струја, вода, греење), телефон и интернет за функционирање на Smart Ideas Hub, надоместокот за печатење, обезбедување, чистење на просториите, како и за одржување на просторот и помали поправки ќе бидат покриени со средства од донаторот за целото времетраење на проектот, во период од 30 месеци.

**Член 4**

Општина Охрид е должна да го контролира и координира работењето на Стартап Центарот (Smart Ideas Hub), како и да обезбеди негово непречено функционирање согласно горенаведениот договор за грант.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-13561/41**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање Штаб за заштита и спасување, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/112**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/2007, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 34 став 2 и член 94 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и 215/21), Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Сл. весник на РМ“ бр.12/06), како и Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.124/06 и 34/10), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ФОРМИРАЊЕ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

**Член 1**

Се формира Штаб за заштита и спасување на општина Охрид.

**Член 2**

Во состав на Штабот за заштита и спасување на општина Охрид влегуваат следните единици:

**1.** Универзална единица за заштита и спасување во јачина на ВОД;
**2.** Просторна специјализирана единица за комунални работи во јачина на ВОД;
**3.** Просторна специјализирана единица за прва медицинска помош во јачина на ОДДЕЛЕНИЕ и
**4.** Просторна специјализирана единица за противпожарна заштита во јачина на ОДДЕЛЕНИЕ.

**Член 3**

Општинскиот штаб за заштита и спасување ќе биде во состав:

1. Кирил Пецаков.........................................................................Командант на ОШЗС
2. Зоран Карадакоски...................................................................Началник на ОШЗС
3. Томе Змејкоски ..........................Помошник на началникот за оперативни работи
4. Сашо Тренески .................Помошник на началник за информатичка технологија
5. д-р Горан Маркоски..........Помошник на началникот за прва медицинска помош
6. Флорентина Стерјовска..........Помошник на началникот за згрижување и евакуација
7. Александар Тасески..............Помошник на началникот за заштита и спасување од пожари
8. Никола Бошески......Помошник на началникот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, епидемии, епизотии и епифитотии.
9. Тодор Ропчев.........................Помошник на началникот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, епидемии, епизотии и епифитотии
10. Ацко Илкоски .........................Помошник на началникот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, епидемии, епизотии и епифитотии
11. Антонио Додевски ............................Црвен крст и планинска спасителна служба
12. Теодора Симјаноска.....................................................Извршител-администратор
13. Даме Балоски........................................................................................Курир – возач
14. Ацо Тасески..........................................................................................Курир – возач

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката на Советот на општина Охрид за формирање Штаб за заштита и спасување бр.08-762/20 од 29.01.2021 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 08-13561/42**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА ЈП „ВОДОВОД“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмата за работата на ЈП „Водовод“ - Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/113** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП„ВОДОВОД“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на ЈП„Водовод“ - Охрид за 2022 година, усвоена од Управниот одбор ЈП„Водовод“- Охрид со Одлука бр.02-2282/2 од 20.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на план и програма за работа на ЈП „Билјанини извори “ - Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/114**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Планот и Програмата за работа на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид за 2022 година, усвоена од Управниот одбор на ЈП„Билјанини извори“ - Охрид со Одлука бр.02-1293/1 од 20.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/44**
**29.12.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на планот и програмата за работа на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/115** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** планот и Пограмата за работа на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид за 2022 година, усвоена од Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид со Одлука бр.02-1381/2 од 20.12.2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13561/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмата за работа на ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид за 2022 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година.

**Број 09- 13561/116** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА 2022 ГОДИНА

**Член 1**

